# ПРОГРАМА НА
# ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# 2014-2018

## Содржина


........................................................................................................2
ЕКОНОМИЈА СО ВИСОК И ОДРЖЛИВ РАСТ........................................5
ИНФРАСТРУКТУРА ........................................................................14
........................................................................................................21
ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА21
ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР.....................................................................25
ТУРИЗАМ.......................................................................................30
ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО..........................32
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА.................................................................39
РЕФОРМИ ВО СУДСТВОТО..............................................................46
МОДЕРНА, РЕФОРМИРАНА, ЕВРОПСКА ПОЛИЦИЈА ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ.................................................................................50
ОДБРАНА И СИГУРНОСТ ................................................................53
........................................................................................................54
НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, ЕВРОПСКИ И ЕВРОАТЛАНСКИ ИНТЕГРАЦИИ ..............54
........................................................................................................57
МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА НА ЗНАЕЊЕ..................................................57
ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ...............................................................62
........................................................................................................67
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ...................................................................67
МЛАДИ, СПОРТ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА ..............................................71
........................................................................................................74
ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ..................................74
........................................................................................................76
ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА...........76

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Во периодот 2014–2018 година, Владата на Република Македонија останува на утврдениот курс за остварување на стратешките приоритети на Република Македонија:

- Зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот
- Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО
- Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото
- Одржување на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и спроведување на Охридскиот рамковен договор
- Инвестирање во образование, иновации и информатичка технологија, како клучни елементи за креирање на општество базирано на знаење

За остварување на стратешките определби и во следниот период ќе останеме посветени на реализацијата на реформите и проектите кои ќе придонесат за развој и просперитет на државата, преку:

- Подобрување на животниот стандард на граѓаните преку отворање на нови работни места во приватниот сектор, натамошно унапредување на условите за водење бизнис, поддршка на МСП преку натамошно намалување на административните процедури и олеснување на пристапот до кредити, продолжување на поддршката за развој на туризмот, спроведување на активни политики за вработување со посебен акцент на младите, зголемување на платите, пензиите и социјалната помош, високи субвенции за земјоделците, поддршка за создавање сопствен дом при купување на стан или изградба на куќа, подобрување на патната и комуналната инфраструктура, подобри здравствени и образовни услуги преку инвестирање во болниците и школите и обука на здравствениот и образовен персонал, поттикнување на иновациите и примената на новите технологии, подобар квалитет на културните и спортските содржини, како и заштита на животната средина;

- Развојот на економската инфраструктура ќе биде поддржан со изградба на нови автопати, регионални и локални патишта и нивна реконструкција, изградба и модернизација на железничките транспортни коридори и јакнење на капацитетите за транспорт, изградба на енергетски капацитети, вклучително и обновливи извори на енергија, изградба на водоводи и друга комунална инфраструктура, поддршка на станбената изградба, отворање нови авио-конекции со Европа и светот, како и инвестиции во информатичко комуникациските технологии;

- Заштитата и грижата за најранливите категории на граѓани ќе се реализира преку поддршка при вработување преку посебни програми и стимулации за приватниот сектор, зголемување на социјалната помош и останатите надоместоци за најранливите категории граѓани, обезбедување на услови за домување и изградба на социјални станови, пониски цени на лековите, полесен пристап до здравствените и образовните услуги, заштита од енергетска сиромаштија, народни кујни итн.;

- Развојот на земјоделското производство и поквалитетен живот на земјоделците ќе биде поддржан преку продолжување на субвенциите во земјоделието, политики за ефикасна алокација на земјоделското земјиште и приватизација на државното земјоделско земјиште, обезбедување пристап до поволни финансиски средства за примарно производство и

преработки на земјоделски производи, помош при промоција и пласман на земјоделски производи, поттикнување на нови инвестиции за откуп и преработка, како и проекти за рурален развој;

- Поквалитетно образование: инвестиции во образовната инфраструктура и реконструкција и изградба на нови училишта, употреба на информатички технологии и помагала, инвестиции во науката и поврзување на универзитетите и фирмите за комерцијализација на иновациите, подобрување на квалитетот на наставните програми и нивно прилагодување на потребите на приватниот сектор, како и дообука на наставниот кадар;

- Поздрава нација и подобар квалитет на здравствените услуги, преку изградба на нови современи клинички центри и болници, инвестиции во опрема и обуки за нејзино користење, продолжување на специјализациите и едукацијата на здравствените работници продолжување на реформите во здравството за подобрување на квалитетот на услугите;

- Висок степен на безбедност, како и независно и ефикасно судство преку натамошни реформи во полицијата и судството, јакнење на одбраната и неселективно спроведување на правото;

- Заштита на македонското национално културно богатство, македонскиот идентитет, македонскиот јазик и македонската култура и нивна промоција во светот, како и целосна заштита на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници во Македонија.

- Транспарентна и ефикасна работа на Владата и јавната администрација и поквалитетни услуги за граѓаните и фирмите, преку длабоки реформи на јавната администрација.

## ЕКОНОМИЈА СО ВИСОК И ОДРЖЛИВ РАСТ

Во фокусот на Програмата на Владата на Република Македонија за периодот 2014–2018 останува развојот на економијата преку реализација на нови инвестиции, што ќе придонесе за отворање на нови работни места, а со тоа и подобар и поквалитетен живот на граѓаните.

Владата ќе остане доследна на определбата за поддршка на приватната иницијатива, безусловно почитување на економските слободи и слободата на поединецот како креатор на својата благосостојба и напредокот во општеството.

Поддршката на приватниот сектор за нови инвестиции ќе продолжи преку:

- ниски трошоци за фирмите за работа
- натамошно подобрување на бизнис-климата
- натамошна изградба на економската инфраструктура – патишта, железници, енергетика
- поддршка за подигање на иновативниот капацитет на фирмите

### Макроекономски политики и проекции

Во периодот 2014–2018 година се очекува интензивирање на економскиот раст,при што стапката на пораст на БДП ќе се движи помеѓу 3,0% и 6,0%. Притоа, во првата половина од мандатот се очекува растот да изнесува 3,0–4,5%, додека во периодот 2017–2018 година порастот на БДП се очекува да биде повисок и да достигне 4,5–6,0%. Проекциите

за растот на македонската економија се очекува да се остварат доколку нема нови непредвидени шокови на светско ниво.

*Фискалната политика* во периодот 2014–2018 година и натаму ќе остане насочена кон зачувување на умерен буџетски дефицит, макроекономска стабилност и поддршка на македонската економија преку зголемен обем на капитални инвестиции. Тоа подразбира одржување на контролиран буџетски дефицит кој постепено ќе се намалува. Буџетскиот дефицит ќе биде поврзан со повисоките капитални инвестиции за инфраструктурни проекти. Умереното ниво на буџетски дефицит и постепеното намалување на истиот ќе овозможат Македонија и натаму да остане земја со умерено ниво на задолженост. Оттука, целта е и во следниот мандат Македонија да ја задржи сегашната позиција, односно да остане меѓу петте најмалку задолжени земји во Европа.

*Ниска инфлација и стабилен девизен курс*–преку одржување на умерен буџетски дефицит, стабилност на девизниот курс и добра координација на монетарната и фискалната политика, стапката на инфлација очекуваме да остане на умерено ниво од 2,5–3% годишно. Во следниот период во целост ќе се почитува независноста на Народната банка на Република Македонија во водењето на монетарната политика и нејзиниот избор на инструменти за одржување на ниска инфлација и стабилен девизен курс, како важни претпоставки за одржување на макроекономска стабилност.

*Финансискиот сектор* и натаму ќе остане стабилен. Со смирувањето на состојбите во европската економија и намалувањето на екстерните ризици, како и поволните економски состојби во земјата, се очекува да дојде до постепено зголемување на кредитната поддршка на банките за приватниот сектор.

*Извоз и странски директни инвестиции* – Владата во следниот четиригодишен период ќе продолжи со јакнење на капацитетот на македонската економија за зголемување на извозот, како единствен начин да се создаде модерна економија која ќе конкурира на европските и светски пазари, што ќе значи создавање на нови работни места и подобар животен стандард на граѓаните.

Зголемениот раст на светската економија, враќањето на довербата на светските финансиски пазари, зголемената доверба на странските инвеститори, како и поволностите што Македонија ги нуди во ТИРЗ и во индустриските зони, ќе придонесат за раст на странските директни инвестиции кои континуирано ќе се зголемуваат како што ќе се стабилизираат состојбите во светската и европската економија. Во следните четири години очекуваме најмалку триесетина нови странски инвестиции во слободните и индустриските зони, кои ќе креираат над 10.000 работни места.Се очекува раст на извозот од околу 10% и раст на увозот од околу 8% годишно.

Владата во следниот период ќе се насочи кон реализација на нови мерки со цел поголем број домашни македонски компании да се вклучат во ланецот на добавувачи на мултинационалните компании кои се присутни во Македонија и на европските и светски пазари.

Очекуваното закрепнување на екстерната побарувачка, пред се од Европа и поповолните цени на светските берзи, ќе придонесат за повисоко искористување на производните капацитети на домашните компании, раст на нивниот извоз и приходите. Тоа ќе влијае и на поттикнување нов инвестициски циклус на фирмите, кој заедно со реализацијата на инвестициите во градежништвото ќе значи дополнителен стимул за економијата.

*Конкурентноста на македонската индустрија* ќе се унапредува преку реализација на:

- реформи за натамошно подобрување на бизнис-климата и намалување на трошоците за фирмите
- инвестиции во автопати, регионални и локални патишта, како и во железничка инфраструктура и капацитети за транспорт за да се отворат нови транспортни коридори, за да се модернизираат и да се зголеми капацитетот и потенцијалот на постојните коридори кон исток и запад, север и југ
- мерки кои ќе придонесат за примена на знаење и иновации кај фирмите
- инвестиции во образованието за да се подобри квалитетот на работната сила
- натамошно промовирање и употреба на ИТ-услуги во јавниот сектор и реформи за подобра јавна администрација
- силна поддршка на земјоделството преку субвенции и ИПА-фондови

Владата и понатаму ќе спроведува политика на ниски и едноставни даноци за фирмите, при што реинвестираната добивка и натаму нема да се оданочува. Во следниот период посебна поддршка ќе се даде на земјоделството преку намалување на стапките на ДДВ за сточна храна и жив добиток, како и поддршка на стандардот на граѓаните преку намалување на стапката на ДДВ за училишен прибор и бебешки производи. Истовремено, Владата ќе продолжи со политиките за создавање рамен и еднаков терен за фирмите и намалување на нелојалната конкуренција и сивата економија.

**Намалување на невработеноста**

Целта на Владата во следниот четиригодишен мандат е намалување на стапката на невработеност на ниво од околу 22%, што претпоставува креирање на најмалку 64 илјади нови работни места. Реализацијата на оваа цел ќе се постигне преку: новите инвестиции во зоните и работните места кои таму ќе се креираат, натамошно зголемување на износот на нови домашни и странски инвестиции, голем број на инфраструктурни проекти кои создаваат работа за домашните фирми, активни политики и мерки за вработување преку Агенцијата за вработување, силна поддршка на земјоделството и создавање на конкурентна работна сила, со што ќе се создадат услови за натамошно намалување на невработеноста и креирање на нови работни места.

**Проекти и мерки**

- *Зголемување на платите во јавниот сектор*– во следниот четиригодишен период, Владата на Република Македонија ќе ги зголемува платите на вработените во јавниот сектор по 5% секоја година или вкупно 21,5%, со исплатата на платата за октомври. Политиката на планираниот пораст на платите ќе се реализира доколку не се случи сериозна надворешна криза, која би влијаела негативно врз економската и финансиска состојба во Република Македонија.
- *Еднократен отпис на долговите* (септември 2014) – Владата ќе спроведе еднократно отпишување на долговите на најранливите категории на граѓани, кои поради светската економска криза и европската должничка криза се нашле во тешка материјална состојба и не можат да ги отплаќаат своите обврски. Тоа се однесува за лицата кои се корисници на социјална помош, лица кои подолго од 12 месеци се евидентирани како невработени лица кои активно бараат работа во евиденцијата на Агенцијата за вработување, со пресек на 31.12.2013 и лица кои поради семејна несреќа се доведени во состојба да не можат да ги отплатат долговите.

Правото на отпис се однесува на неплатени долгови за електрична енергија кои се утужени и неплатени подолго од 12 месеци, долгови спрема банките по основ на кредитни картички, минусни салда по тековни сметки и потрошувачки кредити, кои се достасани а неплатени подолго од 12 месеци и не се обезбедени со движен или недвижен имот, неплатени долгови за парно греење и долгови по основ на радиодифузна такса.

- Намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за сточна храна, адитиви за сточна храна и жив добиток за поддршка на производството на месо и млечни производи (јули 2014)
- Намалување на стапката на ДДВ за бебешки производи од 18% на 5% (јули 2014)
- Намалување на стапката на ДДВ за училишен прибор од 18% на 5% (јули 2014)
- Нивелирање на прекршочните санкции согласно економската моќ на фирмите преку измени на Законот за прекршоци, доколку се обезбеди двотретинско мнозинство во Собранието на РМ (септември 2014)
- Проект „GPRS-фискализација“ за унапредување на воспоставениот систем на контрола за целите на регистрирање на готовински плаќања (2014)
- Воведување на продолжено работно време на УЈП (2014)
- Воведување на електронски досиеја на даночните обврзници (2016)
- Воведување на стручен испит за ефикасен инспектор и пропишување на посебни критериуми и услови во постапката за вработување на даночни, царински и девизни инспектори (2016)
- Намалување на прагот за регистрација за цели на ДДВ од 2.000.000 денари на 1.000.000 денари (2015)
- Воведување на електронски фактури во работењето помеѓу субјектите од приватниот и јавниот сектор (примена од 2016)
- Создавање на портал-пресуди за даночни и царински спорови во насока на креирање на соодветни нормативни решенија (2015)
- Проект „Биди одговорен“ – креирање на веб страна, каде граѓаните ќе имаат можност да пријават неправилности и проблеми со кои се соочуваат во секојдневниот живот, од повеќе области: корупција, сива економија – неиздавање на фискални сметки и др. (2016–2017)
- Намалување на трошоците за возилата кои помалку загадуваат (2016)
- Проект „Форензичка лабораторија“ за подобрување на квалитетот на контролите кои ги спроведува Управата за јавни приходи (2014–континуирано)

**Бизнис клима**

Во наредниот четиригодишен период ќе се реализираат нови и мерки кои се веќе започнати, а се во насока на натамошно подобрување на бизнис климата во Македонија согласно најдобрите светски практики и препораките од „Doing Business“ извештајот на Светска банка:

*Започнување бизнис*– со цел да се подобри постапката за започнување бизнис ќе бидат реализирани следниве мерки:

- Регистрирање фирми преку овластени регистрациони агенти со нула трошоци и регистрирање на фирма за неколку часа (2014)
- Целосно исклучување на хартиената регистрација на ДОО, ДООЕЛ и ТП (2014)

- Исклучување на примената на печатот во правниот промет за трговските друштва (2014 – 2016)

*Добивање на градежни дозволи* – со цел да се олесни постапката за добивање на градежни дозволи планирано е да се реализираат следниве мерки:

- Спроведување на постапките за добивање на одобрение за градење електронски преку информацискиот систем е-Одобрение за градење (2014)
- Скратување на постапката за издавање на одобрение за градење преку измени во Законот за градење (2014)
- Добивање на извод од детален урбанистички план од страна на приватни геодетски друштва преку имплементација на Законот за просторно и урбанистичко планирање (континуирано)

*Добивање приклучок за електрична енергија*– со цел да се овозможи полесно добивање на приклучок за електрична енергија ќе се реализираат следниве мерки:

- Одобрение за градење нема да биде потребно за мерните и разводни ормари (2015)
- Забрзување на постапките за приклучување на електро-дистрибутивната мрежа (2014)

*Регистрирање имот*– регистрирањето на имот ќе биде олеснето преку:

- Забрзана постапка за проценка на пазарната вредност на имотот (2014–2015)
- Промоција на е-Шалтерот за професионални корисници и мерки за забрзување на регистрацијата на имот (2014)
- Обуки за нотарите со цел по солемнизирање на купопродажните договори за недвижен имот, нотарите да вршат запишување на промената на сопственоста во Агенцијата за катастар на недвижности и за истото на купувачите на имот да им издаваат имотни листови (2014)
- Дигитализација на катастарски планови (2014–2016)
- Поврзување на системот за издавање градежни дозволи кој го користат општините со електронскиот шалтер на Агенцијата за катастар на недвижности (2014–2015)

*Пристап до кредити*– условите за пристап до кредити ќе бидат олеснети преку спроведување на измени на Законот за договорен залог (2014)

*Заштита на инвеститорите*– во насока на зголемување на заштитата на инвеститорите ќе бидат преземени следниве мерки:

- Измени на Законот за парнична постапка доколку се обезбеди двотретинско мнозинство во Собранието на РМ, преку кои ќе се овозможи директно испрашување на сведоците во судската постапка и пристап до сите документи и информации кои се индиректно поврзани со судската постапка (2014)
- Барање на задолжително мислење од независен ревизор во случаите кога трансакциите изнесуваат 10% или повеќе од активата на акционерските друштва (2014)
- Измени на Законот за трговски друштва согласно кои акционерот ќе може да иницира тужба до надлежен суд за враќање на несразмерната добивка во корист на акционерското друштво, стекната врз основа на штетен договор (2014)
- Измени на Кривичниот законик доколку се обезбеди двотретинско мнозинство во Собранието на РМ, со кои ќе се предвидат одредби за зајакнување на правата на малцинските акционери (2014)

*Плаќање даноци* – плаќањето даноци ќе се унапредува преку континуирано зголемување на бројот на регистрирани обврзници за е-Даноци (2014–2015)

*Прекугранично тргување:*

- Развој и имплементација на е-Царина во насока на поедноставување и рационализирање на царинските процеси и постапки во електронска и безхартиена околина
- Имплементација на системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) (2014–2016)
- Надградба на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) (2014–2015)
- Имплементација на CCN/CSI (Common Comunication Network/Common System Interface) со што ќе се обезбеди поврзување со царинските и даночните системи на ЕУ (2016–2017)
- Унапредување на системот за селективни контроли базиран врз анализа на ризик (2015–2018)
- Надградба на објектите за царинење на граничниот премин Табановце (2015–2016)
- Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан (2016–2018)
- Опремување на Царинска лабораторија за контрола на горива (2015–2016)
- Унапредување на соработката со високообразовните институции и стопанските комори (2014–2018)
- Надградба на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки тарифни квоти (EXIM) (континуирано)

Други проекти и активности:

- Изменување на Законот за парнична постапка доколку се обезбеди двотретинско мнозинство во Собранието на РМ, во насока на подигнување на прагот на износот при постапувањето од страна на судовите во постапките од мала вредност и постапките во стопански спорови (2015)
- Намалување на бројот на процедури во текот на водење на една судска постапка (2014)
- Изработка на Правилник за наградување на учесниците во стечајната постапка и ограничување на исплатата на паушален износ на награда на стечајниот управник за сметка на зголемување на исплатата заедно со побарувањата на стечајните доверители (2014)
- Надградба на системот за електронски стечај со развивање на компоненти за е-Аукција и фер-правична распределба на стечајни управници (2014)
- Формирање на Совет на работодавачи во рамки на Агенцијата за вработување, кој ќе има советодавна улога, ќе ги разгледува Програмите и Стратегиите кои се спроведуваат во рамки на Агенцијата и ќе дава предлози за нивно подобрување и поефикасна имплементација (2014)
- Проект „Влада & компании" во чиишто рамки ќе продолжи соработката со извозно ориентираните компании за подобрување на нивната конкурентност (континуирано)

- Проект „Тендерско Досие“ за изработка на систем кој ќе овозможи креирање на пакет документи - електронски потврди, потребни при учество на јавни набавки (2016)
- Преминување на целосно електронско поднесување на пријави за уписи на промена и бришење на фирми (четврт квартал од 2015)
- Електронско поднесување на пријави за регистрација на залог и лизинг (четврт квартал од 2014)
- Формирање на централно тело за ЈПП за подобрување на капацитетот за реализација на проекти по пат на ЈПП (2015 – континуирано)

**Унапредување на трговијата и инвестициите**

Владата ќе продолжи со спроведување на политики за унапредување на трговијата и инвестициите во насока на отворање на нови пазари, особено во брзорастечките земји, зајакнување на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница, унапредување на регионалната соработка и добрососедските односи, како и повисоко ниво на трговска размена, што ќе придонесе да се зголеми економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност и пораст на животниот стандард. За реализација на овие цели ќе се спроведат следните активности:

- Склучување на нови договори за економска соработка со Виетнам, Мароко, Мексико и Индонезија
- Нови договори за заштита на инвестициите за привлекување на странски инвеститори, при што приоритет ќе бидат земјите членки на ОЕЦД и на Г20 со кои сеуште немаме склучено договори
- Нови договори за одбегнување на двојното оданочување, при што приоритет ќе бидат земјите членки на ЕУ, Г-20 и ОЕЦД со кои Македонија сеуште нема договор
- Либерализација на трговијата со услуги со земјите членки на ЦЕФТА (2014)

**Иновации**

Еден од клучните приоритети на Владата е поддршка на иновациите во насока на унапредување на конкурентноста на приватниот сектор. За таа цел, подготвена е сеопфатна Стратегија за развој на иновациите за периодот 2012–2020, како и Закон за поттикнување на иновациите, согласно кој се формираше Фондот за иновации и технолошки развој. Имплементацијата на мерките и активностите од оваа стратегија ќе придонесат за започнување на трансформација на земјата во економија заснована на знаења, земја способна да биде конкурентна на меѓународните пазари преку нејзината обучена работна сила и иновативни и креативни компании.

Во наредниот четиригодишен период ќе се реализираат неколку значајни проекти со кои ќе се обезбеди поддршка за македонските компании да ги зајакнат своите капацитети да инвестираат во нови технологии, иновации и истражување и know-how.

- Проект „Фонд за иновации – системски исчекор за поддршка на иновациите“. Фондот ќе доделува 4 финансиски инструменти преку кои ќе се обезбедат средства наменети за поттикнување на иновативноста кај компаниите, и тоа:
    - Кофинансирани грантови за start-up, спин-оф компании и иновации до максимален износ од 30.000 евра
    - Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации до максимален износ од 100.000 евра

- Кофинансирани грантови за трансфер на технологии до максимален износ од 200.000 евра
  - Поддршка за формирање на Акцелератори до максимален износ од 500.000 евра
  - Фондот ќе доделува и средства за техничка помош на компаниите до максимален износ од 5000 евра (континуирано од 2014)
- Соработка на домашните компании со странските инвеститори, во насока на вклучување на домашните компании во ланецот на добавувачи на странските компании кои работат во Република Македонија (2014 и континуирано)
- Склучување на договор помеѓу МБПР и Европскиот инвестициски фонд (EIF) за сервисирање на EIP инструментите во рамки на ЦИП (CIP) програмата, за олеснување на пристапот до финансиски инструменти за мали и средни претпријатија (2014)
- Проект „Бесплатен патент – олеснување на пристапот до иновации“ (2014)

**Технолошки индустриски развојни зони (ТИРЗ)**

Во следниот период ќе продолжи интензивната изградба на ТИРЗ. Во 2014 година фокусот ќе биде на ТИРЗ Кичево со цел истата да биде функционална до крајот на 2015 година. Исто така во текот на 2014 година ќе започне изградбата на ТИРЗ Струга согласно најавените инвестиции.Изградбата на ТИРЗ Радовиш, ТИРЗ Берово, ТИРЗ Делчево и ТИРЗ Виница ќе започне во текот на 2014 година, со што до крајот на 2014 година вкупниот број на основани технолошки индустриски развојни зони на територијата на Република Македонија ќе биде вкупно 14. Ова ќе овозможи влез на странски инвестиции во сите делови на Република Македонија и поттикнување на рамномерниот регионален развој.

Во следниот четиригодишен период динамиката на комплетирање на изградбата на ТИРЗ ќе биде во согласност со новите инвестициски проекти. Воедно, во наредниот период ќе се анализира можноста дел од зоните да бидат изградени и управувани според моделот за јавно приватно партнерство.

- Проект „ИТ зона“ – во рамки на просторот на ТИРЗ Скопје 2 ќе се формира слободна ИТ зона за компании кои ќе нудат услужни дејности и за компании од ИТ индустријата (2016)

**Промоција на Македонија како инвестициска дестинација**

Позитивните ефекти од интензивната кампања за промоција на Македонија како поволна дестинација за инвестирање претставуваат основа за продолжување на таргетирани настани, роуд-шоуа, рекламни спотови и континуирано присуство во сите најзначајни и најрелевантни светски медиуми. Ќе продолжи градењето и јакнењето на имиџот на Македонија како добра дестинација за инвестиции, но и како туристичка дестинација, и тоа преку кампањите „Invest in Macedonia” и „Macedonia Timeless”, во реномираните медиуми како CNN, Euronews, Eurosport, Travel Channel итн.

Со цел промовирање на условите за инвестирање во Македонија, како и воспоставување на релации со светските бизнис-лидери, во текот на следните четири години ќе бидат организирани низа настани и учество на неколку релевантни конференции, саеми, конгреси и бизнис форуми.

Во следните четири години мрежата на регионални канцеларии за промоција на инвестициите ќе се проширува, во согласност со зголемениот интерес и потенцијал за

соработка на полето на странските инвестиции и поддршка на извозот од Македонија, при што ќе бидат отворени дополнителни канцеларии во земјите и регионите од каде има најголем интерес за инвестирање.

**Мали и средни претпријатија**

Во насока на зајакнување на поддршката на малите и средни претпријатија ќе се реализираат следните мерки и активности:

- Нови 100 милиони евра за фирмите со субвенционирана камата од 5,5% наменети за малите и средни фирми, но и за поголемите компании, со рок на отплата до 8 години за инвестиции и до 3 години за обртни средства (2014)
- Докапитализација на МБПР со 10 милиони евра за поддршка на извозот и земјоделството, односно по 2,5 милиони евра годишно (2015–2018)
- Издавање на сите нефункционални објекти во државна сопственост по пристапни цени (2015–2018)
- Обезбедување на странски експерти за македонски компании за јакнење на капацитетите и know-how на домашните компании (2014–2018)
- Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди (2014–континуирано)
- Финансиска поддршка за тренинг на HACCP тим за воведување, одржување и модификација на HACCP систем (2014)
- Финансиска поддршка за воведување на ХАЛАЛ систем (2014–континуирано)
- Финансиска поддршка за женско претприемништво (2014–континуирано)
- Финансиска поддршка за новоосновани претпријатија од страна на млади претприемачи (2014–континуирано)
- Кофинансирање на проекти за нефинансиска поддршка на МСП и промоција на претприемништвото и занаетчиството во Република Македонија (2014–континуирано)
- Организирање на бизнис натпревар „Биди перспективен, започни свој бизнис“ (2014–континуирано)
- Организирање на промотивни настани „Награда за најдобрите и најуспешните“ преку избор на најиновативна компанија од технолошки аспект и организирање на настан „ Претприемач на годината“ (2014–континуирано)
- Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехранбена и метало-преработувачка индустрија (2014–континуирано)
- Поддршка на автентични занаети преку субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност (2014–континуирано)
- Поддршка на занаетчиското производство и занаетчиските услуги (2014–континуирано)

За имплементација на индустриската политика и поддршка за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија, ќе се реализираат следните мерки и проекти:

- Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на производ и развој на пазар (2014–континуирано)
- Надоместување на дел од трошоците за поддршка на патенти (2014–континуирано)
- Поддршка на проекти од кластерските здруженија (2014–континуирано)

- Поддршка на општествено претприемништво (2015–2018)
- Користење на нови технологии во производството и градежништвото преку организирање на различни семинари и обуки за трансфер на нови и иновативни технологии (2016–2018)

**Финансиски систем**

Во насока на унапредување на финансискиот систем и обезбедување поддршка на фирмите и граѓаните ќе се реализираат следните мерки и активности:

- Намалување на каматите за субвенциониран станбен кредит за проектот „Купи куќа, купи стан" од 4,9% на 3,95% во првите три години, и од 5,5% на 4,44% во четвртата и петтата година (септември 2014)
- Креирање на слободна зона/центар за меѓународни финансиски услуги и трговски друштва за меѓународни услуги, со посебна правна и финансиска регулатива
- Фискални правила – регулатива со која ќе се утврдат правилата за ограничување на буџетскиот дефицит, јавната потрошувачка и долгот и ќе се зајакне одговорноста за користењето на буџетските средства (септември 2014)
- Финансиско образование за граѓаните за поддршка при изборот и користењето на финансиските услуги (континуирано од 2014)
- Унапредување на Законот за кредитно биро (2014)
- Унапредување на Законот за ревизија и зајакнување на одговорноста на ревизорските куќи и ревизорите (јуни 2015)
- Унапредување на Законот за финансиски друштва (јуни 2015)
- Измена на Законот за супервизија на осигурувањето со кој ќе се воведат нови класи на осигурување: 1/ осигурување на ануитети за корисници на пензии и пензиски надоместоци од задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурувањето и 2/ доброволното здравствено осигурување (јуни 2015)
- Проект „Европа Ре" за осигурување од природни непогоди и катастрофи, преку кој ќе се понудат производи за осигурување од земјотрес, поплави и земјоделско осигурување, како и други производи за осигурување од природни незгоди и катастрофи (2014)
- Подготовка на законска рамка за издавање сертификати за депозити со цел зголемување на видовите финансиски инструменти (2016)
- Мобилна верзија на Електронскиот систем за јавни набавки (2015, за мобилна апликација 2016)

## ИНФРАСТРУКТУРА

Владата на Република Македонија и во следниот мандат ќе остане посветена на изградба на квалитетна инфраструктура за подобрување на животот на граѓаните и економските перспективи на Република Македонија. Покрај започнатите, предвидена е реализација на многу нови проекти со кои ќе се обезбедат услови за забрзан економски раст, зголемена конкурентност на стопанството и побрз проток на стоки и патници.

Во следниот период ќе се градат новите автопати од Скопје кон Штип, од Кичево кон Охрид, од Демир Капија кон Смоквица и од Требениште до Струга, со чија реализација автопатската мрежа во Република Македонија ќе биде зголемена за 50%. Исто така, ќе

продолжи изградбата на нови експресни, регионални и локални патишта и ќе се врши реконструкција и рехабилитација на постојната патна мрежа.

Во тек е изградбата на првата делница од пругата кон Бугарија и во наредниот период Владата интензивно ќе работи на реализација на преостанатите делници. За подобрување на железничкиот сообраќај ќе се реализираат проекти за реконструкција и рехабилитација на железничките пруги и железничките станици и проекти за модернизација и зголемување на ефикасноста на железничкиот транспорт.

За подобрување на условите за живот на граѓаните ќе продолжи изградбата на водоводни системи, канализациски мрежи, пречистителни станици и станбени единици наменети за социјално-ранливите категории на граѓани.

За реализација на крупните инфраструктурни проекти Владата и во следниот период ќе ја продолжи соработката со меѓународните финансиски институции, како што се Светска банка, ЕБРД, ЕИБ, и искористување на расположливите средства од европските фондови, во насока на обезбедување на финансиски средства под најповолни услови. Дел од проектите ќе се реализираат преку изнаоѓање на концесионери.

Во наредниот 4 годишен период предвидена е реализација на следните проекти:

**Патна инфраструктура**

Изградба на автопати

- Изградба на автопат Демир Капија–Смоквица (2016)
- Изградба на автопат Миладиновци (Скопје)–Штип (2017)
- Изградба на автопат Кичево–Охрид (2018)
- Изградба на автопатска делница Требениште–Струга (2016–2018)
- Изградба на автопат Гостивар–Кичево, доколку има интерес од приватниот сектор, проектот ќе се реализира по пат на јавно приватно партнерство. Во случај да нема заинтересираност, ќе се разгледуваат алтернативни можност за изградба на овој автопат (2015-2018)
- Изградба на автопатска делница Скопје–Блаце, доколку има интерес од приватниот сектор, проектот ќе се реализира по пат на јавно приватно партнерство. Во случај да нема заинтересираност, ќе се разгледуваат алтернативни можност за изградба на овој автопат(2015-2018)
- Проектирање на автопатска делница Струга–Ќафасан (2015–2017). Почеток на градба 2018 година.

Рехабилитација на автопатски делници

- Рехабилитација на автопат  Велес–Катланово (2014–2015)
- Рехабилитација на автопатска делница Смоквица–Гевгелија (2015–2017)
- Рехабилитација на автопатска делница Неготино–Демир Капија (крај на 2017)
- Рехабилитација на автопатска делница Куманово–Миладиновци (крај на 2017)

Експресни, регионални и магистрални патишта (изградба/реконструкција)

- Изградба на експресен пат Куманово–граница со Р. Бугарија, делница Ранковци–Крива Паланка, со можност за идно прераснување во автопат (2016–2018)
- Проширување и реконструкција до ниво на експресен пат на делница Штип–Кочани (2015–2017)
- Изградба на нов експресен пат Охрид–Пештани (2015–2018)

- Изградба на експресен пат Штип–Радовиш (2017–2019)
- Рехабилитација на магистрален пат Битола–Ресен–Буково (2015–2016)
- Експресен пат Велес–Штип (до Кадрифаково) (2014–2015)
- Изградба на експресен пат од Градско преку Росоман и Дреново до Прилеп(2015–2019)
- Доизградба на регионален пат од Кичево до Дебар преку Извор (2015–2017)
- Рехабилитација на регионален пат, спој со А4 (Ново Село)–Маврово–Жировница–Дебар (2015–2016)
- Рехабилитација на регионален пат Мелнички мост–Центар Жупа, општина Центар – Жупа (2016–2017)
- Рехабилитација на регионален пат Делчево–Планина Голак (2015–2016)
- Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика „Вевчанка“ – Здравствен дом Вевчани, општина Вевчани (2017–2018)
- Рехабилитација на регионален пат Мокрино–Смолари (2015–2016)
- Рехабилитација на регионален пат Нов Дојран–Николиќ (2015–2016)
- Рехабилитација на регионален пат Лажани–Ропотово–Црнилиште (општина Долнени) (2016–2017)
- Рехабилитација на регионален пат Кривогаштани–Обршани–Воѓани (2016–2017)
- Изградба на регионален пат Пробиштип–ски-центар Пониква (2016–2017)
- Изградба на регионален пат Тораница–Саса (Крива Паланка–Каменица) (2016–2017)
- Изградба на регионален пат Старо Коњарево–Ново Коњарево (2015–2016)
- Рехабилитација на регионален пат Тетово–Брвеница–Чегране–Гостивар (2015–2016)
- Изградба на регионален пат Опае–Бељаковце–Станчиќ–граница со Косово (2014–2017)
- Доизградба на регионален пат од Скопје до Сончев Град (2016)
- Довршување на рехабилитација на регионален пат Липково–Арачиново (2015–2016)
- Рехабилитација на патна делница Кочани (Превалец)–Македонска Каменица–Делчево (2016– 2017)
- Рехабилитација на патна делница Тетово–Пирок–Гостивар (2014–2017)
- Рехабилитација на патна делница Попчево–Белотино–Рич (2014–2017)
- Надградба на патна делница Карбинци–Зрновци–Виница (2014–2017)
- Надградба на патна делница Кавадарци–Неготино (2014–2017)
- Изградба на патна делница Коњух–Бељаковце (Кратово–Куманово) (2014–2015)
- Надградба на патна делница Пробиштип–Крупиште–Штип (2014–2017)
- Надградба на патна делница Струмица–Ново Село–граница со Република Бугарија (2014–2017)
- Надградба на Регионален пат Р 2246 до село Могорче (2014–2017)
- Надградба на Регионален пат Р 1308 до с. Брајчино (2014–2017)
- Рехабилитација на патна делница Арачиново–Умин дол–Куманово (2014–2018)
- Рехабилитација на патна делница Кондово–Радуша (2015–2018)
- Рехабилитација на патна делница Сарај–Групчин (2014–2018)
- Рехабилитација на патна делница Тетово–Попова Шапка (2015–2018)

- Рехабилитација на патна делница Гостивар–Стража (2014)
- Рехабилитација на патна делница Гостивар–Србиново (2015–2018)
- Рехабилитација на патна делница Струга–Калишта (2014)
- Рехабилитација на патна делница Тајмиште–Зајас (2015–2017)
- Рехабилитација на влезот во Кичево (2015–2016)
- Рехабилитација на транзит низ Кичево (2014)
- Рехабилитација на излезот од Кичево (2015–2016)
- Рехабилитација на патна делница Осломеј–Туин (2014)
- Пат Тетово–граница со Косово. Врз основа на резултатите од физибилити студија ќе се разгледа можноста за реализација со косовската страна за економски оправдано решение (2015-2018)

Други проекти

- Трета фаза од проектот за рехабилитација и зајакнување на мостовите во Република Македонија на Коридорот 10 во соработка со НАТО (2015)
- Рехабилитација на мостовите во Македонија (Мелнички мост, мост Гемиции Велес, мост кај Злеово, мост кај Пишица, мост кај Сиричино) (2014–2016)
- Доизградба на клучката Брвеница (2014–2015)
- Изградба на клучка Смилковци на обиколницата на Скопје (2014–2015)
- Осветлување на клучки и крстосници во Република Македонија (2014–2015)
- Изградба на пат до Граничен премин помеѓу Република Македонија и Србија (Голема Црцорија – Голеш) (2015–2018)
- Систематско испитување на свлечиштата на патиштата и нивна навремена санација (континуирано)
- Изградба на пат село Костинци–село Зрзе–Манастир Св. Преображение Христово, општина Долнени (2014–2015)
- Изградба на пристапен пат до откупно дистрибутивен центар за јаболка „Макази“ во општина Ресен (2014)
- Надградба на патот за Чучер Сандево (2016–2017)

Изградба на локални патишта

- Продолжување на проектот за изградба на локални патишта со кој во 2014 и 2015 година ќе се изградат 122 локални патишта со вкупна должина од 200 км и вкупна инвестиција од 20 милиони евра

**Железнички сообраќај и инфраструктура**

Изградба на пругата кон Бугарија

- Изградба на пругата Куманово–Бељаковци (2014–2016)
- Изградба на делница Бељаковце–Крива Паланка (2016–2020)
- Во последната трета фаза од железничкото поврзување со Бугарија ќе се изгради нова делница Крива Паланка–Деве Баир, граница со Бугарија (2019–2022) на што претходи изработка на целокупната техничка документација

Железничко поврзување кон Албанија

- Подготовка на основен проект и друга потребна документација за изградба и надзор на нова железничка делница Кичево–граница со Република Албанија со крак до Охрид (2014–2017). Градбата се очекува да започне во 2018 година

Други проекти за железничкиот сообраќај

- Ремонт на железничка пруга Ногаевци (Велешко)–Градско–Неготино во должина од 30 километри (2014)
- Изградба и реконструкција на делницата Битола–Кременица и изградба со крак кон Индустриска зона Жабени (2015–2017)
- Изработка на проекти за поврзување на РЕК Битола и РЕК Осломеј со постојната пруга (2016–2018)
- Рехабилитација и надградба на железничката станица во Скопје (2014–2015)
- Рехабилитација, надградба и реконструкција на железнички станици
- Набавка и инсталација на опрема за Глобален систем за мобилна комуникација во железница и опрема за Европски систем за контрола на возовите (2015–2017)
- Подготовка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на железничката делница Велес–Битола (2015–2017)
- Подготовка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација за градежни работи и надзор за железничката делница Скопје–Кичево (2015–2017)
- Обнова на возен парк на МЖ Транспорт преку набавка на 6 нови патнички гарнитури (4 дизел-моторни и 2 електромоторни гарнитури), реконструкција на постојните електро-локомотиви и набавка на 150 товарни вагони од различен тип (2014 – 2015)

**Политики за подобрување на транспортните услуги за граѓаните**

- Енергетска ефикасност – рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила (2014–2015)
- Воведување билети за повеќе патувања во железницата (септември 2014)
- Воведување информациски систем ЕМИС за управување со енергија во железницата (2015 година)
- Модернизација и електронска наплата на патарини во Македонија (2014–2015)
- Изградба на логистички центри на граничните премини и на влезот во поголемите градови на територија на Македонија преку ЈПП (2015–2017)
- Подобрување на патната сигнализација (Декада на Road safety–2020) (2014–2017)
- Паркинг за велосипеди пред јавните установи (2015–2017)
- Креирање на велосипедски патеки низ градовите (2015–2018)
- Вградување филтри на автобусите од јавниот превоз (2015–2016)
- Обезбедување паркинг простор за автобусите (2017)
- Електронско поврзување меѓу Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта и Министерството за внатрешни работи (2016)

**Комунална инфраструктура**

- Проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води“сосредства обезбедени од Европската инвестициона банка и од Буџетот на РМ, а со кој ќе се реализираат комунални инфраструктурни проекти во сите општини во Македонија (2014–2017)
- Проект „Водовод и канализација на општините“, финансиран од германската банка за обнова KfW за обезбедување на одржливо снабдување на населението со вода за пиење во општините: Гевгелија, Гостивар, Битола, Радовиш, Неготино, Кочани, Кавадарци, а во тек е реализацијата на проект во Тетово (2017)

- Изградба на фекална канализација во населено место Сопиште и локалитетот Сончев град и одведување кон постојните канализациони мрежи во Општина Кисела Вода и Општина Аеродром (2014–2017)
- Изградба на системот за водоснабдување за дел од населените места во општина Сопиште, Регионален водовод Патишка Река(2017)
- Изградба на колектор по десниот брег на река Вардар до идната пречистителна станица за Скопје (2017–2018)

**Станбена изградба**

Станбената политика е еден од приоритетите во Програмата на Владата, преку која се реализираат голем број проекти насочени кон изградба на нови станбени единици. Во таа насока Владата и понатаму ќе продолжи со имплементација на следните проекти:

- Станови и куќи за лица во социјален ризик и други ранливи групи – во рамки на Проектот за изградба на станови за лица во социјален и други ранливи групи во текот на 2014 и 2015 година ќе заврши изградбата на 118 станбени единици
- Станови и куќи за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, лица со посебни потреби, самохрани родители, самци и други лица) – во периодот 2014–2018 година ќе започне изградбата на 108 станови

**Други проекти**

- Надградба на ГТЦ – изработка на основен проект до мај/јуни 2014 година, по што ќе се определи најдобар модел за реализација и финансирање на овој проект
- Урбанизација и изградба на инфраструктура во индустриска зона Визбегово (2017–2018)
- Изградба на пешачки патеки, хортикултурно уредување и осветлување на езерата во Република Македонија во општините Дојран (втора фаза), Маврово и Ростуша и Берово. Исто така, предвидено е и уредување на делови од крајбрежјата на Езеро Козјак, Преспанското Езеро и Охридско Езеро (2014–2018)
- Уредување на плажи на брегот на Охридското, Дојранско и Преспанското Езеро (2014–2018)

**Внатрешна пловидба - капетанија на пристаништата**

- Обележување на пристаништата, пристапните мостови и платформи и каналот Студенчишта со сигнални светла и пловидбени знаци (2015–2016)
- Обележување на пловните патишта за обезбедување на минимална оддалеченост на пловилата од брегот на Охридското Езеро (2015–2016)
- Набавка на брод за чистење на езерското дно, одржување на пловни патишта и поставување сигнализација на пловни патишта за Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро (2017–2018)
- Мобилни пловила за инспекторската служба при Капетанија – Охрид (2016–2017)
- Санација на пристаништа и пристапни платформи по Охридското Езеро (2016–2018)
- Поставување на понтонски пристаништа на Охридското Езеро (2016–2017)
- Изградба на марина „Охрид“– проектот ќе се реализира доколку има интерес за јавно-приватно партнерство. Во случај да нема заинтересираност на приватен партнер, ќе се разгледуваат алтернативни можности за финансирање (октомври 2016 за изработка на проектна документација–2018 за изградба)

**Авиосообраќај**

За надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација во следниот период ќе се реализираат следните проекти:

- Набавка, инсталирање и тестирање на нов ATM (Air Traffic Management) систем, вклучувајќи и техничко оперативна сала за истиот (2016)
- Набавка, инсталирање и тестирање на опрема за комуникација и радарско набљудување (2015)
- Набавка на метео опрема за аеродромите во Скопје и Охрид (2014)

Проекти за развој и унапредување на авиосообраќајот во Република Македонија:

- Нови дестинации за македонските граѓани – во соработка со концесионерот на македонските аеродроми „ТАВ“, ќе им овозможиме на патниците широк избор на дестинации и фреквенции кон сите европски метрополи (континуирано)
- Спортски аеродроми – за развој на спортското воздухопловство спортските аеродроми и леталиштата ќе се дадат под концесија или ќе се изврши нивна приватизација (2015–2018)

**Градежништво и урбанизам**

За обезбедување на полесен пристап и поквалитетни услуги за граѓаните во областа на градежништвото и урбанизмот ќе се реализираат следните проекти:

- Изработка на основни проекти за објекти за индивидуално домување, кои бесплатно ќе бидат отстапени на граѓаните преку општините, а кои ќе може да се прилагодуваат во делот на статиката во согласност со спецификата на локацијата (јуни 2015)
- Овозможување на склучување на купопродажни договори за недвижности по електронски пат (2015–2016)
- Воведување на систем за електронско управување со постапката за донесување на урбанистички планови (2014–2015)
- Воведување на систем за електронско издавање извод од план (2014–2015)
- Изработка на урбанистичко-планска документација за изградба на 30 комерцијални градби (бензински пумпи, мотели) на автопати, магистрални и регионални патишта (2014–2016)
- Воведување на специјални мерки и рокови за донесување и спроведување на планови финансирани од бизнис заедницата (2015)
- Воспоставување Регистар на цени за недвижностите (јули 2014–март 2018)
- Национална инфраструктура за просторни податоци (НИПП) со што ќе се обезбеди подобар пристап до просторните податоци и поквалитетно планирање (2015–2018)
- Воспоставување на регистар на градежно земјиште во Република Македонија (2015–2018)
- Воспоставување на адресен регистар во Република Македонија (2016–2017)
- Воспоставување на дистрибуциски систем на Агенцијата за катастар на недвижности со кој ќе се обезбеди подобар пристап до податоците со кои располага АКН (2016)
- Гравиметриски премер на територијата на Република Македонија со што ќе се обезбедат податоци кои ќе се користат во рударството, хидрологијата, сеизмологијата и при проектирање на инфраструктурни проекти (2014–2015)
- Воспоставување на 3Д катастар (2017)

- Орто-фото карта и ласерско скенирање на целата територија на РМ (март 2018)
- Воспоставување на инфраструктурен катастар во РМ (2014)
- Продолжување на процесот на предавање на градежното земјиште во надлежност на општините (континуирано)
- Ќе продолжи имплементацијата на Законот за постапување со бесправно изградени објекти со цел конечно завршување на овој процес (континуирано)
- Бесплатно изготвување на геодетски елаборати за легализација на бесправно изградени објекти на приматели на социјална и постојана парична помош и лица со ниски примања (ноември 2014)
- Дигитализација на катастарските планови (2015)
- Изработка на урбанистичко плански документации за автокампови (2014–2015)

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### Реформа на јавната администрација

Услугите на администрацијата и нејзината сервисна ориентација се од суштинска важност за граѓаните и компаниите, заради што е неопходно да се изгради високостручна и професионална јавна администрација. Ваквата администрација која претставува основа на целокупниот јавен сектор од кој зависат демократските процеси, бизнис-климата, економскиот развој и интеграцијата на земјата во ЕУ, ќе обезбеди ефикасно креирање на политики во корист на граѓаните и фирмите и нивна доследна примена.

Во следниот период при постапките на селекција, ќе продолжат да се користат различни тестови за проценка на интелектуалниот и стручниот капацитет на кандидатите, нивната работна етика и интегритет. Понатаму, преку алатката 360° ќе биде мерен придонесот на вработените за ефикасно функционирање на институцијата во која се вработени, а преку систем на награди, мерки за подобрување и санкции ќе бидат стимулирани за уште подобри резултати. Стручното усовршување и развој ќе биде обезбеден преку систем на доживотно учење. Согласно веќе донесените законски решенија, ќе се подигне и транспарентноста и објективноста на постапките на избор на кандидати за вработените и за раководните лица на институциите. Тие ќе се избираат во фер и конкурентна постапка на јавен оглас, и истите покрај работното искуство ќе треба да ја докажат својата стручност и компетентност, познавањето на странски јазик, високата професионална етика, интегритет, совесност и непристрасност.

Зајакнувањето на капацитетите на Министерството за информатичко општество и администрација, Државниот управен инспекторат и Агенцијата за администрација, како и унапредувањето на системот на управување со човечки ресурси ќе останат главен фокус и приоритет во процесот на реформата на јавната администрација.

### Проекти од областа на јавната администрација

- Ќе се воспостави координативно тело за управување со човечки ресурси во државните институции за имплементација на новите законски решенија и унапредување на организациската структура на администрацијата (континуирано)

- Ќе продолжи имплементацијата на проектот „Барометарот на квалитет" преку специјалните пунктови поставени во државните институции и www.uslugi.gov.mk. Во рамки на овој проект ќе продолжи и реализацијата на Граѓанскиот дневник, Оцени ја администрацијата – семафор, Таен клиент, Анкетата за задоволството на корисниците и други слични проекти кои имаат за цел да ја оценат ефикасноста и сервисната ориентација на институциите и вработените при испорака на административни услуги (континуирано)
- Продолжува реализацијата на проектите ***„Менаџмент етика"*** и ***„Работна етика"*** преку кои се воспоставува култура на професионално однесување, личен интегритет, грижа за јавниот интерес, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи за носителите на јавни функции и вработените во јавниот сектор (континуирано)
- Продолжува реализацијата на проектот „Нема погрешна врата" со цел граѓаните да бидат задолжително услужени без оглед каде се обратиле (континуриано)
- Ќе продолжат активностите за спроведување на „Анкетата за работната ангажираност и задоволството на вработените" во државната администрација (континуирано)
- Надградба на функционалностите на порталот ЕНЕР (http://ener.gov.mk), преку кој јавноста ги коментира и дава предлози и забелешки на предложените законски решенија пред нивно усвојување од страна на Владата (континуирано)
- „Отворени Владини Податоци" – продолжување со активностите за обезбедување пристап на приватниот сектор и граѓаните до информации од отворен карактер преку интернет, заради нивно искористување за иновативни апликации, креирање на работни места и додадена вредност (2016–2019)
- Имплементација на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба преку воведување на основниот стандард ИСО 9001 (континуирано)
- Имплементација на Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност со кои институциите се обврзани меѓу себе да разменуваат податоци и документи по службена должност, без тоа да мора да го прави граѓанинот (континуирано)
- Имплементација на нов Закон за општа управна постапка, во насока на зголемување на правата на граѓаните во управните постапки и олеснување на исполнувањето на обврските кон државните институции (континуирано)
- Јакнење на административните капацитети за стратешко планирање преку спроведување обуки за стратешко планирање, подобрена координација во министерствата, воведување на писмени процедури и учество на јавноста во процесот на креирање политики (континуирано)
- Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот 2012–2017 година во сите општини во Македонија, што е во склад со Стратегијата „Европа – 2020" (континуирано)
- Креирање на стандарди на професионални компетенции за 25 различни професии на административни службеници кои ќе се користат за проценка на стручноста при вработување, за унапредување и дополнително усовршување и развој (2015)
- Воведување на стандарди за проектно работење во јавен сектор

- Изградба на информациониот систем за управување со човечки ресурси за вработените во јавниот сектор, со податоци за вработените како персонално досие, пресметка на плата и систем за мерење и следење на учинокот (2017)
- Продолжува надградбата на системот за микроучење и учење на далечина со изработка на нови функционалности и модули заради спроведување на генерички и специјализирани обуки (континуирано)
- Обуки за административни службеници кои имаат за цел да ги развиваат општите и професионални способности на вработените (континуирано)
- Програма за талентирани млади и нивна подготовка за раководни функции во јавен сектор (FastTrack) (2017)
- Изработка на портал за вработените во државните институции – администрација.мк преку кој јавните службеници ќе се информираат за новостите поврзани со активностите на министерствата и Владата на РМ (2016)

**Информатичко општество**

Владата ќе продолжи да ја имплементира Програмата за развој на информатичкото општество во која се опфатени основните столбови на Дигиталната агенда 2020 поставена за земјите членки од Европската Унија и во таа насока ќе продолжи со инвестиците во информатичкото општество. Во оваа Програма предвидена е поддршка за поголемо учество и конкурентност на македонските ИТ-компании на Европскиот единствен дигитален пазар, воведување на единствени стандарди и интероперабилни системи на државните институции, максимална заштита на граѓаните и нивните лични податоци при користењето на Интернетот, воведување на супер брз Интернет со брзини од 100Мб/с, стимулирање на ИКТ истражувања и развој и подобрување на дигиталната писменост, способност и инклузивност. Целите за развој на информатичкото општество се:

- 80% од населението на Македонија до 2018 година да биде покриено со широкопојасен интернет
- бројот на домаќинства што користат интернет да се зголеми до 90% до 2018 година
- најмалку 33% од малите и средни фирми да продаваат свои производи онлајн до 2018
- да се намалат цените на роаминг-услугите за граѓаните на Македонија
- да се зголеми бројот на електронски јавни услуги со висок степен на софистицираност

**Проекти од областа на информатичката технологија**

Ќе се реализираат следните проекти од областа на информатичкото општество:

- Воведување на работење на владините институции во облак-технологија – (GCloud) (јануари 2016–јануари 2017)
- Воведување на Национална рамка за интероперабилност 2.0 со која ќе се прецизираат стандардите и насоките за јавните институции како да комуницираат помеѓу себе при размена на податоци (септември 2014)
- Проект интероперабилност 2.0 со кој ќе се поврзат државните институции во системот на интероперабилност за што се обезбедени ИПА средства (2015–2018)
- Воспоставување централно координативно тело за координација на ИКТ проектите во државната администрација (октомври 2014)

- Изготвување на краткорочна и долгорочна стратегија за развој на ИКТ индустријата во РМ  (2016–2017)
- PKI Инфраструктура за администрацијата преку обезбедување на дигитални сертификати за вработените во јавната администрација. Со воведување на потпис за секој вработен, ќе се скратат процедурите за потпис, кориснички имиња, архивски броеви, односно целата процедура за канцелариско работење ќе се поедностави, со што ќе се остварат финансиски и заштеди од аспект на човечките ресурси (2015–2017)
- Поврзување на државните институции со VoIP централа (Voice over Internet Protocol), што ќе придонесе за намалување на трошоците за комуникација (2015–2016)
- Надградба на националниот портал за е-Услуги uslugi.gov.mkво централизиран и стандардизиран портал за сите владини е-Услуги(2016–2018)
- Воспоставување на систем за управување со корисници на услуги (CRM) со кој ќе се следат сите барања од граѓаните до државните институции, како и формирање на одделение за ефикасност на владините услуги кое ќе управува со системот (2016–2018)
- Една точка за услуга – канцеларии во поголемите градови каде граѓаните ќе може да се обратат за било која услуга што ја нудат државните институции во РМ (2016–2018)
- Автомати за издавање на документи каде граѓаните ќе може да добијат услуги и документи од типот на извод од матична книга, имотни листови, документи од Централниот регистар, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Агенција за катастар на недвижности и др. (2018)
- Мултиплатформски систем за е-Седница кој ќе овозможи забрзување на процесот на креирање и менаџирање на информации и елаборати за седниците на Влада (ноември 2014)
- Изработка на софтвер за интегрирано финансиско планирање и управување со ресурси во министерствата (2017–2018)
- Изработка на системи за електронско аплицирање за: 1/ пензиско осигурување, 2/ социјална помош и детски додаток; 3/ пријава во полиција (2015–2016); 4/ промена на адреса (2018); 5/ визи и дозволи за странци (2015–2018); и 6/ упис во образовни институции
- Проект е-Судство –скенирање на сите предмети кои влегуваат во судовите и нивно дигитално пребарување (2017–2018)
- Проект е-Инспекторати –централен систем за планирање, евидентирање, следење и координација инспекциските надзори (2016–2018)
- Зголемување на искористеноста на електронскиот шалтер „24 часа катастар онлајн“ преку поврзување на сите субјекти кои креираат документи за АКН (септември 2014)
- е-Пријава на податоци до Државниот завод за статистика (eSTAT) (2015–2016)
- Едношалтерски систем за претприемништво е-VEM преку кој ќе се обезбедат информации за поддршка на идните претприемачи (2017)
- Управување со сајбер-кризи – воспоставување на ЦЕРТ тим во Македонија (CERT –Computer Emergency Readiness Team) (јуни 2015)

- Поврзување на државните универзитети на мрежата на МАРнет (2017–2018)
- Интернет во руралните средини преку Wi-Fi киосци во оние средини каде што нема комерцијално достапен интернет (2015–2018)
- Едукација на населението во руралните средини за користење на Интернет (крај на 2017)
- Отворање на нови интернет клубови (2016)
- Обезбедување помошни уреди за користење на компјутери за лица со посебни потреби и примена на стандарди за веб-пристапност на лица со посебни потреби (континуирано)
- Иницијативи за промоција на Македонија на познати дигитални сервиси како што се Google maps/Street view,Apple maps, итн. (2016)
- Иницијативи за креирање на македонски содржини на Wikipedia (континуирано)
- Поддршка на натпревари и настани од областа на ИКТ (континуирано)
- Воспоставување на систем за обука на ученици за програмирање и нивна подготовка за учество на врвни меѓународни натпревари (2015)
- Опремување на кабинетите по информатика во средните училишта (2018)
- е-Учење во основно и средно образование – преку спроведување наставни програми со користење на онлајн системи за учење со што учениците ќе може да ја надополнат наставната програма, да го совладаат материјалот од пропуштените часови и да се воведат обуки за секој наставен предмет (2016–2018)

Од областа на електронските комуникации ќе се реализираат следните активности:

- Поставување на најсовремен антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции (2014–2021)
- Воведување на динамички сигнал за поквалитетно следење на трите програми на Македонското радио на целата територија на Македонија (2016–2018)
- Зајакнување на ТВ и ФМ сигналите во граничните делови на Македонија (2016–2018)
- Дигитализација на средно-брановиот сигнал за следење на македонското радио на поголеми далечини (2016–2017)

## ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР

Стратешките определби на Владата ја поставуваат енергетиката како еден од носечките столбови за одржлив развој и раст на македонската економија. Во таа насока Владата и во следниот период ќе се залага за обезбедување на енергетска стабилност преку континуирано инвестирање во енергетски производствени капацитети и изградба на квалитетна дистрибутивна мрежа, подобрување на законската регулатива и унапредување на условите на пазарот на енергија. При реализација на проектите за развој на енергетскиот сектор особено внимание ќе се посвети на заштита, унапредување и зачувување на животната средина за сегашните и за идните генерации.

Во следниот период Владата ќе работи на обезбедување диверзификација на изворите на енергија преку изградба на хидроенергетски проекти, вклучување на Република Македонија во меѓународните коридори за снабдување со гас и изградба на гасификационата мрежа, изградба на ветерен парк, искористување на соларната енергија, изградба на нови рудници и др. Во таа насока остануваме фокусирани на развојот на

енергетските, економските, организационите, институционалните, законодавните и образовните димензии на енергетскиот сектор во делот на производството, дистрибуцијата и користењето на енергијата. Сето ова, ќе се стремиме да го реализираме преку следните проекти и активности кои се поделени во неколку области:

**Рударски и термокапацитети**

Владата и во наредниот мандат главен акцент ќе посвети на експлоатација на постојните рудници на лигнит како и заокружување на веќе започнатите активности за отворање на нови рудници. Поради поповолните техно-економски карактеристики, приоритет во следниот четиригодишен период ќе дадеме на реализација на следните проекти:

- ПК Подинска јагленова серија – Суводол со што ќе се овозможи дополнителна експлоатација на 50 милиони тони јагленова руда (2014–2015)
- Рудник за јаглен Живојно со кој ќе се продолжи животниот век на ТЕЦ Битола преку обезбедување на 21,4 милиони тони јагленова руда со подземна експлоатација (2014–2020)
- Искористување на локалните наоѓалишта на јаглен во Берово, Делчево и Ресен – во периодот 2015–2018 година ќе се пристапи кон изработка на елаборати и детални геолошки истражувања врз основа на што ќе се донесе одлуката за отворање на рудниците
- Ревитализација и модернизација на Блокот 1 во ТЕЦ Битола (до крајот на 2015)
- Ревитализација и модернизација на ТЕЦ Осломеј (2016–2020)
- Топлификација на Битола, Могила и Новаци - во фаза на изработка е основен и инфраструктурен проект по што ќе започне изградбата на вреловодната станица во РЕК Битола и изградба на топловод и топловодна мрежа. Ќе се разгледа и можноста за јавно приватно партнерство или концесија за изградба и стопанисување само на дистрибутивната мрежа, во рок не подолг од 30 години. (2015–2017)

**Изградба и ревитализација на хидролектрични централи**

За искористување на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага Република Македонија, во следниот период ќе се реализираат следните проекти:

- Изградба на ХЕЦ Бошков Мост со што ќе се обезбеди просечно годишно производство на електрична енергија од 115 GWh (јули 2014–2018)
- Акумулација „Луково Поле“ – во тек е изработка на Студија за влијанието врз животната средина и доколку Студијата даде позитивна оценка за проектот ќе започне изработката на Основниот проект, при што ќе се имаат предвид меѓународните договори, а реализацијата се очекува да започне во средината на 2015 година (за реализација на проектот се потребни 4 години)
- Ревитализација на шесте постојни хидроелектрични централи (II Фаза) – ХЕЦ Шпиље, ХЕЦ Глобочица, ХЕЦ Тиквеш, ХЕЦ Вруток и ХЕЦ Врбен со што ќе се обезбеди дополнително просечно производство на електрична енергија од 50 GWh (јуни 2014)
- Зголемување на моќноста на ХЕЦ Шпиље (2017–2018)
- Зајакнување на стратешката позиција на ЕЛЕМ – во следниот четиригодишен мандат, Владата ќе реализира активности за привлекување на домашни и странски инвеститори кои ќе го зголемат капиталот на ЕЛЕМ преку учество во проекти со

јавно приватно партнерство или joint venture. Исто така, ќе биде анализирана можноста и за докапитализација на ЕЛЕМ, најмногу до 49% од капиталот.

- Комбинирана термоелектрана–топлана „Енергетика“ – проектот ќе се реализира преку еден од следните три модели: 1) самостојна инвестиција на ЕЛЕМ; 2) инвестиција од приватен партнер преку моделот на концесионирање; или 3) јавно приватно партнерство помеѓу ЕЛЕМ и приватниот партнер (2017–2019)
- Рудник за јаглен Мариово и нова термоелектрична централа во Мариово – проектот ќе се реализира преку еден од следните три модели: 1) самостојна инвестиција на ЕЛЕМ; 2) инвестиција од приватен партнер преку моделот на концесионирање; или 3) јавно приватно партнерство помеѓу ЕЛЕМ и приватниот партнер (2017–2021)
- Пумпно-акумулациона хидроелектрична централа „Чебрен“– проектот ќе биде реализиран како јавно приватно партнерство, односно како заедничко вложување на државната компанија ЕЛЕМ и приватен инвеститор (2015–2022)
- Нови можности за развој на ТЕЦ Неготино – ќе се разработи проект за отпочнување со работа на ТЕЦ Неготино на начин што ќе ја направи електричната енергија произведена од оваа централа конкурентна на пазарот на електрична енергија. Реализацијата на проектот ќе биде понудена како: 1/ концесија, 2/ јавно приватно партнерство помеѓу ЕЛЕМ и приватен инвеститор, или 3/ самостојна инвестиција на државата (2015–2022)

**Обновливи извори на енергија**

За поголемо искористување на потенцијалот за производство на енергија од обновливи извори во наредниот 4 годишен период ќе се реализираат следните проекти:

- Парк на Ветерните електрани Богданци (I фаза) (мај/јуни 2014)
- Парк на Ветерните електрани Богданци (II фаза) – ќе се направат анализи за можностите за реализација на втората фаза од проектот преку јавно приватно партнерство, преку концесија или како самостојна инвестиција на државата (2015–2017)
- Искористување на водниот потенцијал за изградба на мали хидроелектрични централи преку понуда на неколку пакети на локации на приватни концесиониери по претходно изготвени студии за исплатливост (2014–2018)
- Искористување на сончевата енергија за производство на електрична енергија преку создавање услови за целосно реализирање и склучување на договори за откуп на електричната енергија од фотонапонските електрични централи (2014—2018)
- Искористување на биомасата и биогасот за производство на електрична енергија преку обезбедување услови за реализирање и склучување на договори за откуп на електричната енергија од електрични централи кои како енергенс користат биомаса и биогас (2014–2018)
- Искористување на геотермалната енергија преку издавање на концесии за користење на геотермалната вода и воведување на повластена тарифа за откупување на електрична енергија од централи кои како енергенс ја користат геотермалната енергија (2014–2018)
- Субвенции за инсталирање на топловодни сончеви системи во домаќинствата (континуирано)

**Енергетска ефикасност и системски подобрувања**

Во следниот периодот Владата ќе продолжи да работи на зголемување на енергетската ефикасност преку реализација на следните проекти:

- Формирање Фонд за енергетска ефикасност кој ќе придонесе кон подобрување на енергетската ефикасност на објектите во јавниот сектор, со што ќе се заштеди енергија, ќе се креираат нови работни места и зачуваат природните ресурси (2015–континуирано)
- Градење на капацитети за воспоставување на енергетски менаџмент на локално ниво и следење на енергетските политики на општинско ниво (2014–2016)
- Подобрување на ефикасноста на пазарот на електрична енергија (2014–2017)
- Воспоставување на државен Институт за енергетика (2014)
- Стипендирање на студенти на насоките за енергетика (2014–2018)

**Развој на преносниот електроенергетски систем**

Ќе продолжиме да ја зајакнуваме преносната и интерконективна високонапонска мрежа како и системите за управување со цел да обезбедиме сигурно снабдување со електрична енергија. Ќе ги завршиме следните започнати проекти:

- Изградба на 400 kV интерконективен далекувод Штип (Р. Македонија) – Ниш (Р. Србија) (со 400 kV поле во ТС Штип) (втората половина на 2015)
- Изградба на двосистемски 110 kV далекувод ТС Битола 3 – ТС Битола 4 (септември 2014)
- Реконструкција на 110 kV далекувод Скопје 1 – Тетово 1 со 110 kV поле во ТС Југохром (втора половина на 2015)
- Реконструкција на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Куманово 1 (2014)
- Набавка и инсталација на нов SCADA/EMS систем за потребите на Националниот диспечерски центар, резервен диспечерски центар и маркет менаџмент систем (2014)
- Набавка и инсталација на системи за автоматизација, управување, заштита и сопствено напојување во 9 трансформаторски станици (2014)
- Набавка и монтажа на нов 400/110 kV енергетски трансформатор со авторегулација (ТС Скопје 1/5) (2014)
- Разграничување на преносната и дистрибутивната електроенергетска мрежа (2014)

Покрај започнатите активности, со цел за понатамошен развој на преносниот електроенергетски систем на Република Македонија, во наредниот четиригодишен период АД МЕПСО ќе започне со реализација и на следните нови проекти:

- Изградба на 400 kV интерконективен далекувод ТС Битола 2 (Р. Македонија) – ТС Елбасан (Р. Албанија) и 400/110 kV трафостаница во Охрид (2017–2019)
- Изградба на втора 400 kV интерконективна врска со електроенергетскиот систем на Р. Косово во должина од 19 километри (2018)
- Реконструкција на осум 110 кV далекуводи постари од 40–50 години (2015–2018)
- Набавка и инсталација на примарна опрема (2014–2017)
- Далечинско следење, видео надзор и управување на трафостаниците (2015–2017)
- Поставување на оптички кабел во преносната мрежа и нејзино комплетно затварање во оптички прстен (2015–2018)
- Реконструкција и ревитализација на ТС Дуброво (2015–2017)

- Електрификација на села (2015–2018)

**Гасификација на Република Македонија**

По изработката напроектната документација за петте магистралните правци на територија на Република Македонија, делница 1 Клечовце–Штип–Неготино во должина од 96,65 км, делница 2 Неготино–Прилеп–Битола во должина од 91,70 км, делница 3 Штип–Радовиш–Хамзали (Република Бугарија) во должина од 59,96км, делница 4 Хамзали–Стојаково (Р.Грција), во должина од 50,39 км, делница 5 Скопје–Тетово–Гостивар со можност за поврзување со Кичево во должина од 110 км, се отворија можностите за изградба на Националниот гасификационен систем на Република Македонија.

Делницата од Клечовце–Блок станица 5, Штипско, ќе се реализира во согласност со Законот за реализација на инфраструктурен проект за изградба на магистрален гасовод, Делница Клечовце–Блок станица 5, Штипско, кој беше донесен врз основа на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за регулирање на обврските на поранешниот СССР. Во тек е постапка за склучување на договор по кој се очекува да почне изградбата.

Во периодот до 2018–2019 година се предвидува изградба на останатите делници од приоритетниот магистрален правец како прва фаза, а преостанатиот дел од целокупната мрежа на гасоводот од околу 450 км се предвидува во втора фаза во периодот од 2017–2022. Зависно од прогресот во реализацијата на меѓународните гасоводни системии нивната изградба во регионот, ќе преземеме активности за поврзување на Република Македонија кон овие гасоводи.

Се очекува најдоцна до почетокот на 2015 година да биде склучен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 1, Скопски регион.Во 2014 година ќе бидат објавени јавни повици за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во останатите региони во Република Македонија.

**Минерални суровини**

Во насока на унапредување на можностите и условите за експлоатацијата на минералните суровини во следниот период ќе се реализираат следните проекти:

- Изготвување на два посебни закони во делот на минералните суровини и тоа Закон за геолошки истражувања и Закон за рударство (октомври 2014)
- За минералните суровини добра од општ интерес (металите, неметалните минерални суровини и подземните води) предвидено е воведување на планирање во истражувањата и експлоатацијата на минералните суровини преку анализа и оценка на досега истражените минерални суровини, ниво на истраженост, веродостојност на резерви и економски импликации во однос на постојната законска регулатива
- Доделување на 10 концесии за проспекциски истражувања од кои 5 концесии за истражување на гасови, јаглеводороди (нафта) и друго во Охридско-струшкиот басен, Пелагониски басен, Тиквешки басен, Струмички басен и Овчеполски басен и 5 концесии за нови наоѓалишта на метални минерални суровини во источниот централниот и западниот дел на државата (почеток на постапката во јуни 2014)

- Доделување на минимум 30 концесии за експлоатација на украсен камен и останати неметалични минерални суровини (2014–2018)
- Отворање на нови рудници за експлоатација на металични минерални суровини. Во наредниот период од 4 години, доколку нема нова надворешна криза во Европа и светот, се очекува да се отворат следните рудници: 1/ Стогово (мај 2014); 2/ Тајмиште (прва половина од 2016); 3/ Иловица (2016–2017); 4/ Плавица (Црн врв) (2017); 5/Казандол (2017); 6/ Луке–Тораница (2016); 7/ Лојане–Липково (2017); 8/ Саса–Македонска Каменица (крај на 2014); 9/ Боров Дол–Конче (крај на 2017)
- Искористување на техногените минерални суровини (јаловишта во Пробиштип, Лојане, троската од топилницата во Велес и други). Доколку има заинтересирани компании, овие концесии ќе се доделат во јуни–јули 2014 година
- Развој на проекти за искористување на енергија од карпи и создавање на петротермална енергија (2014–2018)
- Бенефиции и поттикнување на преработка на минералните суровини преку концесиски олеснувања за отворање на нови погони за финална преработка

## ТУРИЗАМ

Туризмот е еден од најбрзо растечките економски сектори во нашата држава кој располага со големи можности за привлекување на странски и домашни инвестиции, што воедно значи и можност за нови работни места. Ќе продолжиме да работиме на подобрување на туристичката понуда на државата, преку унапредување на културниот, езерскиот и речниот, планинскиот, бањскиот, спортскиот, ловниот, винскиот, зимскиот, археолошкиот, верскиот, селскиот и руралниот, еко-туризмот и конгресниот туризам. Ќе преземеме низа активности за развој на Националните паркови и нивно ставање во функција на развој на туризмот и промоција на природните убавини на Македонија. Во наредниот период Владата ќе работи на надминување на неколку предизвици во оваа област, како што се пристап до квалификувана работна сила, подобрување на квалитетот на услугите и подобрување на локалната туристичка инфраструктура. За развој на туризмот ќе се реализираат следните проекти и активности:

- Промоција на Македонија како туристичка дестинација–за промоција на Македонија како атрактивна туристичка дестинација во Европа ќе продолжиме со долгогодишната рекламна кампања „Macedonia Timeless“ во светските медиуми и одредени туроператори
- Развој на Националниот парк Маврово – по пат на ЈПП (2015–2018)
- Развој на Националниот парк Галичица – по пат на ЈПП (2015–2018)
- Развој на Националниот парк Пелистер – по пат на ЈПП (2015–2018)
- Развој на Мариово во центар на руралниот туризам (2016–2018)
- Формирање на Национален парк Шар Планина, при што ќе се овозможи целосна реализација и развој на Скијачкиот центар“Попова Шапка” (2015-2018)
- Развој на постојнитетуристички развојни зони и формирање на нови во планинските предели (2016–2018)
- Отворањена сезонска авио-линија Охрид–Лондон (2014–2016)

- Развој на бањски, здравствен и рекреативен туризам преку поволности за изградба на велнес и здравствени центри, домови за стари лица, центри за спортски подготовки и др. (2014–2018)
- Финансиска поддршка за бизнис идеи за туризам, креирани од студенти (2014–2016)
- Остварување контакти со туроператори и угостителски фирми во светот(континуирано)
- Обезбедување на 20 стипендии за најдобрите ученици и студенти од областа на туризмот (2014–2018)
- Продолжување на проектот за туристичка сигнализација на туристичките потенцијали (2014–2018)
- Продажба, издавање и подобрување на условите за туристичко сместување во ловните и детските домови (2015–2018)
- Проект „Еко Македонија“ за позиционирање на земјата како туристичка дестинација со квалитетна и автентична органска храна (2015–2018)
- Субвенционирање на кредити за изградба, адаптација и уредување на мали сместувачки капацитети преку Македонската банка за поддршка и развој (2014–2018)
- Довршување на проектот „Македонско село“ (2015)
- Категоризација на индивидуални сместувачки капацитети и онлајн платформа за следење и промовирање на сместувачките капацитети во сите туристички места во државата (2015–2016)
- Изградба на рибарски куќички за промоција на туризмот на Дојранско Езеро (2014–2018)
- Изградба на Скијачки центар „Попова Шапка“ – во тек е изградба на првата фаза која се предвидува да се реализира во периодот 2014–2017 година од страна на АД ЕЛЕМ, а втората фаза ќе се реализира преку заедничко вложување со заинтересиран инвеститор во периодот 2016–2021 година
- Изградба на Ски Центар – Водно (2015–2017)
- Изградба на жичница од црквата Свети Јован до Средно Водно (2017–2018)
- Развој на Ски Центарот – Копанки, Пелистер (2015–2017)
- Изведба на ски-патеки на планински локации во Македонија, (Беровско езеро, Голак и Плачковица) во соработка со општините Берово, Делчево и Радовиш (2015–2018)
- Изработка на Физибилити студија и Мастер план за развој на скијачки центар на планината Јабланица преку јавно приватно партнерство (средина на 2015)
- Изработка на Физибилити студија и Мастер план за развој на ски центар во Националниот парк Галичица (средина на 2014)
- Проект„Обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти, настани од значење за туризмот“ (2014–2015)
- Развој на манастирскиот и друг верски туризам преку идентификување на сместувачките капацитети и изработка на веб страна и промотивни материјали (2014–2015)

- Евиденција на сите туристички потенцијали во регионите на Република Македонија (крај на 2015)
- Уредување и обележување на 184 планинарски патеки од цела Македонија (2014–2015)
- Уредување и обележување на 80 велосипедски планински патеки од цела Македонија (2015)
- Развој на алпинизмот и негово ставање во функција на туризмот (2016)
- Развој на параглајдинг туризмот како алтернативна форма на туризам (2014)
- Уредување и обележување на гранични премини (2014–2015)
- Изработка на детална урбанистичко-планска документација за изградба на спортски аеродром Калишта–Струга преку концесија (2014–2015)
- Изработка на четири потстратегии за развој на конгресен, спортски, културен и активен туризам (2014–2015)
- Продолжување на проектот за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет во Република Македонија (2014–2018)
- Зголемено учество на меѓународните саеми за туризам и поддршка на туристичкото стопанство за учеството на овие саеми (2014–2018)
- Изработка на квалитетни промотивни материјали за туристичките вредности на Република Македонија (континуирано)
- Подобрување на условите за сместување во планинарските домови (2014–2018)
- Подобрување на условите на старите автокампови и давање на локации за нови автокампови (2014–2016)
- Изградба на автокампот Ливадиште (2016–2018)
- Мапирање на римска магистрала Via Ignatia“ со цел збогатување на туристичката понуда во соработка со тур-оператори од Италија (2014–2015)
- Вмрежување на туристичките места во руралните средини по региони преку изработка на заеднички промотивни материјали за развој на туристичката понуда (2014–2018)
- Проект „Рибарско село“ преку зачувување на автентичната архитектура и оплеменување на крајбрежјето во селата Трпејца и Радожда (2017)

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Владата на Република Македонија ќе продолжи со спроведување на досегашните но и на нови политики кои придонесуваат кон развој и поголема конкурентност на македонското земјоделство и руралните области.

Ќе продолжи спроведувањето на политиките и мерките со кои на земјоделците им се овозможува: поволен пристап до кредити, покривање на дел од трошоците за набавка на сточен фонд, подигање насади и култури, како субвенционирање на земјоделското производство. Ќе се обезбеди поддршка за модернизација на застарената технологија на производство, преку покривање на најмалку половина од трошоците за набавка на машини, опрема и системи за наводнување, како и за обнова и реновирање на сточарски и земјоделски објекти. Ќе се инвестира во локалната инфраструктура за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и македонското село.

Владата на Република Македонија во наредниот период ќе продолжи да ја зголемува финансиската поддршка на аграрот и руралниот развој. Ќе продолжиме со субвенциите во земјоделството преку поддршка во сточарството, овоштарството и градинарството, полјоделството, лозарството и тутуно-производството. Поддршката ќе биде обезбедена за стимулирање на земјоделски производи со висок квалитет и извозен потенцијал, но и за производи со прониска продуктивност кои се важни за обезбедување на основна храна за населението. Владата на Република Македонија ќе инвестира во руралната инфраструктура со цел да се подобрат условите за живот и вршење на земјоделските и други активности во руралните средини.

**Субвенции во земјоделството за периодот 2014–2018 година**

Во следните четири години ќе продолжи поддршката на земјоделството со годишен износ на средства од 150 милиони евра, односновкупно 600 милиони евра наменети за субвенции и рурален развој. Субвенциите во најголем дел ќе се доделуваат за конкурентните извозни култури: тутун, грозје, овошје и зеленчук, ориз, овчарството, но и на следните значајни култури: житарици, полјоделски, индустрискии фуражни култури, говедарство, свињарство и производството на млеко, за кои субвенциите ќе бидат особено насочени кон зголемување на производството, приносите и квалитетот. Распределбата на субвенциите ќе продолжи да се одвива во насока на порамномерна распределба на приходите кои се остваруваат од земјоделската дејност. Поголемите стопанства се економски помоќни и имаат подобра можност за пласман на производите и обезбедување на кредити, и оттаму помала потреба за надополнување на нивните приходи преку директните плаќања, за разлика од индивидуалните земјоделски производители или стопанствата со помали производни капацитети.

Покрај доделувањето на субвенции, ќе бидат реализирани следните активности:

- Реализирање на проектот „Календар на субвенции“ којшто има за цел да овозможи усогласување на времето на исплата на субвенциите според потребите на земјоделците за финансирање на земјоделските активности
- Обезбедување на средства за нови поволни кредити за земјоделството, преработувачката индустрија и откупот на земјоделски производи со субвенционирана каматна стапка од 3 и 4% на годишно ниво (2014–континуирано)
- Осигурување со 60% кофинансирање од основните и дополнителни ризици од надворешните временски влијанија врз земјоделското производство (2014–континуирано)
- Зголемување на субвенциите за најмалку 20% и користење на привилегирани стапки на задолжително социјално осигурување за стопанствата на кои земјоделството им е претежна дејност (2015–континуирано)

**Инвестиции во земјоделството**

Владата на Република Македонија ќе продолжи да инвестира во земјоделството преку следните мерки и активности:

- Поддршка за модернизација на земјоделството преку обезбедување на најмалку половина од трошоците за инвестициите во модернизација на земјоделските стопанства од страна на државата преку проектот „50-50“ поддршка за модернизација на земјоделството (2015–континуирано)
- Модернизацијата на македонското земјоделство продолжува и преку средствата од Европската Унија. Притоа, овозможено е неповратно кофинанисирање со најмалку

50% на земјоделска опрема, проширен е опсегот на висина на инвестициите, а од европските средства ќе биде овозможено и финансирање на агро-еколошките мерки за производство на здрава храна и заштита на животната средина, како и на мерките за инвестиции во рурална инфраструктура (2014–континуирано)

- Ќе се врши изградба и реновирање на водостопанската инфраструктура. Планираните инвестициски проекти за изградба на системи за наводнување, кои треба да обезбедат наводнување за нови 24.350 ха земјоделско земјиште се следните:
    - ХС „Лисиче“ – започнување со изградба на мрежа за наводнување на околу 3.000 ха земјоделско земјиште во општините Чашка и Велес и изградба на цевковод во должина од 6 км за поврзување со Езеро „Младост“ (од 2018)
    - ХС „Злетовица“ – во првата фаза ќе се изгради систем за наводнување на нови 4.100 ха земјоделско земјиште за општините Кратово и Пробиштип, додека во втората фаза ќе се изградат хидро-електрани (2015–2019)
    - Брана „Речани“ на Оризарска река – изградба на брана со придружни објекти и акумулација, со која ќе се реши проблемот со водоснабдувањето на општините Кочани, Виница и Чешиново Облешево и ќе се овозможи наводнување на 1.500 ха нови површини на земјоделско земјиште (2014–2019)
    - Брана „Конско“ – ќе биде изградена брана со акумулација со која ќе се овозможи водоснабдување на општина Гевгелија и ќе се обезбеди можност за гравитационо наводнување на 4.000 ха површини земјоделско земјиште кои сега се наводнуваат со пумпање (2014 – 2019)
    - Систем за наводнување „Маркова река – Куклиш“ – ќе биде пуштен во употреба системот со кој се обезбедува наводнување на околу 400 ха нови површини на земјоделско земјиште во атарот на населените места Куклиш, Свидовица и Градско Балдовци (2014–2015)
    - Отпочнување на изградба на 10 нови микроакумулации, со цел зголемување на површините на земјоделско земјиште под системи за наводнување, за повеќе од 3.000 ха (2014–2019)
    - Проширување на ХС „Стрежево“ во општините Могила и Новаци, со што ќе се овозможи наводнување на нови 3.000 ха земјоделско земјиште (2014–2019)
    - Проширување на ХС „Брегалница“ во атарот на населеното место Немањица во општина Свети Николе, со што ќе се овозможи наводнување на нови 850 ха земјоделско земјиште (од 2018)
    - Изградба на главен довод во рамки на проектот Равен – Речица со кој ќе се овозможи наводнување на нови 3.200 ха земјоделско земјиште (2014–2019)
    - Изработка на техничка и планска документација и изградба на брана на реката Слупчанска со кој ќе се обезбедат дополнителни количини на вода од околу 6–7 милиони метри кубни годишно, во рамки на системот Глажња–Липково (2014 – 2019)
    - II фаза од проектот наводнување на јужната долина на реката Вардар, со што ќе се овозможи наводнување на нови 4.500 ха (до 2016)
    - Брана за мала акумулација на Тајмишка река во с. Зајас (2015–2017)

    - Зафат за наводнување од Тајмишка река за наводнување на површини во атарот на Драгомиште и Зајас џума за наводнување на 250 ха (2015–2017)
    - Рехабилитација на пумпна станица, потисни цевководи и системот за наводнување во Дебар, кој се користат за наводнување на 1000 ха земјоделско земјиште (2015–2017)
    - Микроакумулација Црнилиште, Долнени за наводнување на 150 ха (2015–2017)
- Ќе се реализираат и засилени инвестиции за проширување и рехабилитација на сите хидросистеми во државата (2014–2018)
- Континуирано чистење на каналите за наводнување и одводнување на земјоделските површини. Годишно се предвидува да се чистат по 100 км каналска мрежа (2014–2018)
- Подготовка на „План за инвестирање во водостопанската инфраструктура за периодот 2015–2025 година"кој ќе ги содржи сите предвидени инвестиции во водостопанството во Република Македонија до 2025 година. Планирано е и формирање на АД Водостопанство во државна сопственост на Република Македонија (2014).

**Вложувања во инфраструктурата на селата**

Владата на Република Македонија ќе реализира стотици проекти од витален интерес на населението во сите рурални општини во Република Македонија. Меѓу позначајните се:

- Реализација на 114 проекти во периодот 2014–2015, од кои 71 за локална патна инфраструктура и 43 за водоснабдителни и канализациони системи. Во периодот 2016–2018 година ќе се реализираат нови проекти согласно приоритетите на општините
- Реализација на 27 проекти за изградба и реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи), 8 проекти за изградба и реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини и 25 проекти за изработка на урбанистички планови. Во периодот 2016–2018 ќе се реализираат нови проекти согласно потребите на општините
- Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја. Ќе се финансира вкупно 21 проект, од кои 13 проекти се инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места, односно села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација, 6 проекти во инвестиции за одбележување и унапредување на шумски и велосипедски патеки, уредување на излетнички места во рурални средини (вклучително и нивно поврзување со електрична енергија, водоснабдување, канализација) и 3 проекти за означување на културни и природни знаменитости во рурални средини
- Ќе бидат финансирани проекти за изградба и реконструкција на: младински и рекреативни центри, клубови за стари лица, интернет клубови, објекти за културни манифестации и слично (2014–2018)
- Изградба на водопоила, обезбедување на вода, патишта и електрификација на пасиштата за понапредно сточарство (2015–2018)
- Реализирање на проектот „50% поддршка за проектите за производство и употреба на зелена енергија од земјоделството" преку доделување на финансиска поддршка

за проекти за искористување или производство на енергија од обновливите извори во земјоделството и поддршка на спроведување на проекти за енергетска ефикасност во земјоделското производство (2015–2018)

- Отворање на нови откупно-дистрибутивни центри за зеленчук и овошје. Ќе бидат објавени парцели во Гевгелија, Валандово, Богданци, Штип, Кочани, Облешево, Лозово, Карбинци, Свети Николе, Битола, Могила, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Босилово, Василево, Пехчево, Липково и Долнени (2014–континуирано)
- Изградба на современи расадници за саден материјал преку привлекување инвеститори и покривање на половината од инвестиционите трошоци и доделување на субвенции по произведено и продадено сертифицирано растение (2015–континуирано)
- Поддршка за инвестициите за изградба на мали винарски визби во следниве општини: Неготино со 23 локации, Кавадарци со 20 локации, Росоман и Битола со 8 локации и Дебарца со 5 локации. Локации за изградба на винарски визби ќе бидат огласени и во: Велес, Штип, Свети Николе, Куманово, Валандово, Дојран и Кратово (2015–континуирано)
- Отворање на нови подрачни единици во Јегуновце, Долнени и Боговиње (2015) и проширувањето и реновирањето на најголемите подрачни единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (2015–континуирано)

**Реформи за подобрување на структурата во земјоделскиот сектор**

Во насока на започнување на промена на состојбата со мали производни капацитети и мали количини производство наменети за пазарот, ќе се спроведуваат политики и мерки за подобрување на функционалноста на пазарот на земјиште, здружување на земјоделците на пазарната основа и поддршка во инвестициите на оние категории на земјоделски стопанства кои се идентификувани како потенцијално развојни на поедноставен и поповолен начин. За таа цел, Владата на Република Македонија ќе ги спроведе следниве активности и проекти:

- Продажбата на земјоделското земјиште во државна сопственост за оние парцели за кои постои иницијатива од постојните закупувачи или на преостанатото нераспределено земјиште во државна сопственост (2014–континуирано)
- Консолидација на земјоделското земјиште преку спроведување на проекти на окрупнување на раситнетите парцели на едно место и по можност зголемување на земјоделскиот имот (2014–2018)
- Реализирање на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото“ (2014–2015)
- Реализирање на проектот „е-Наддавање за доделување под закуп на државно земјоделско земјиште над 10 ха“ (2015)
- Формирање и поддршка на земјоделски задруги (2014) и воспоставување систем на континуирани обуки за менаџерите на задругите спроведуван од овластени научни или образовни институции со посебни модули (2015)
- Обезбедување на пакети за поддршка на инвестициони проекти за започнување на земјоделски бизниси со кофинансирање на 90% од трошоците и реструктуирање на земјоделски бизниси со кофинансирање на 70% од трошоците (2015–континуирано)

- Поддршка на земјоделските бизниси на младите земјоделци (2014–континуирано)
- Државно предфинансирање на инвестиции од заедничко подсекторско значење. Инвестициите ќе бидат целосно финансирани од државата, а имплементирани од страна на правни субјекти формирани од официјално препознаени и функционални групации на најголемите производители на национално ниво (2015–континуирано)

**Безбедност на храна, ветеринарно здравство и квалитет на земјоделски производи**
Со цел зајакнување и унапредување на безбедноста на храна, ветеринарно здравство и подобрување на квалитетот на земјоделските производи, Владата на Република Македонија ќе ги спроведе следните мерки, активности и проекти:

- Спроведување на програми за здравствена заштита на животните. Активно ќе бидат спроведувани и мерки за јавно ветеринарно здравство и засилен мониторинг врз безбедноста на храната (2014–2018)
- Следење и контрола на болестите на растенијата преку ставање во функција на системот за мониторинг на заразни болести на растенијата и издавање на „Пасоши за растенијата“ (2016)
- Ќе се воспостави систем на безбедно отстранување на остатоците од кланичната индустрија. Проектот предвидува инвестиција во инцелератор и придружни објекти за уништување на остатоците од животинско потекло и организација на системот за прибирање и транспорт на остатоците (I фаза до 2015, II фаза до 2017)
- Изградба на објекти на граничен премин Блаце (2016) и Ќафасан (2017) за потребите на ветеринарните и фитосанитарните инспекциски служби. Ќе се изградат современи објекти за инспекциските служби на Агенцијата за храна и ветеринарство и Фитосанитарната управа (2016–2017)
- Ќе биде поставен систем на следење и контрола на прометот на пестицидите преку софтверско вмрежување на сите продажни места на пестициди и ѓубриња (2015)
- Поддршка на нови инвестиции за подобрување на хигиената во одгледувалиштата, редовна контрола на квалитетот на млекото од страна на овластените лаборатории, како и субвенционирање по проценет квалитет (2015)
- Вклучување на сите домашни животни во системот за идентификација и регистрација на најголем дел на домашните животни (2016)
- Поддршка за класирање на земјоделските производи по квалитет и заштита на квалитетот преку целосно спроведување на одредбите од правилниците за класификација и обележување на квалитетот на земјоделските производи согласно Законот за квалитет (2015)
- Ќе се изврши заштита на препознаениот вкус на македонските земјоделски производи, кофинансирање на половината на трошоците во процесот на заштита на квалитетот и поддршка на производителите кои користат заштитени македонски називи. Ќе се заврши и постапката на заштита на македонските земјоделски производи „Охридска цреша“, „Овчо бело сирење Бистра“ и „Кашкавал Бистра“ и други (тековно од 2014)
- Ќе се финансира отворањето на органски продавници во поголемите потрошувачки центри во државата со покривање на трошоците за опремување и функционирањето во почетниот период (2015)
- Ќе се изврши национална промоција на македонските производи на нови или недоволно застапени и алтернативни пазари, којашто ќе се поддржува со

покривање на трошоците за закуп и изработка на изложбен простор на главните саемски манифестации и спроведување на соодветни промотивни активности на овие пазари (тековно од 2014)

- Постепено ќе се воведува задолжително користење на сертифицирано семе во првиот период преку поврзување со висината на финансиската поддршка (2017). Дополнително, задолжителна употреба на сертифициран семенски и саден материјал ќе се спроведува за новите закупци на државно земјоделско земјиште под систем за наводнување (2014). За земјоделците со поголеми земјишни површини од над 30 ха земја ќе се предвиди обврска за водење на дневник за примена на агротехнолошките мерки (2014)
- Ќе се продолжи со покривање на 70% од трошоците за спроведување на редовни агрохемиски анализи за земјиштето и останатите услови од добрата земјоделска пракса (2014–континуирано)
- Реализирање на проектот „Доделување на стипендии за специјализации во делот на генетика и селекционерство на семенски материјал од градинарски и житни култури“

**Зајакнување на знаењето и иновациите–знаење достапно за земјоделците**

- Ќе се реализира проектот „Систем за неформално образование за земјоделците“ (2017)
- Реализирање на проектот „Воспоставување на систем на апликативни демонстративни земјоделски стопанства“ преку финансиска поддршка (2015–2016)
- Во рамки на проектот „Рурални бизнис инкубатори“ ќе се формираат најмалку два бизнис инкубатори за стручна поддршка на земјоделските бизниси, при што еден во битолскиот и еден во струмичкиот регион (2016)
- Ќе се реализира проектот „Практични и применливи истражувачки проекти од значење за земјоделците“ (2016-континуирано)
- Реализирање на проектот „Обука на домашни консултантски куќи и комори за аплицирање за ЕУ и ИПАРД средства“ (2015)

**Шумарство и ловство**

- Ќе се реализира редовната годишна граѓанска акција за пошумување „Ден на дрвото – засади ја својата иднина” (2014–континуирано)
- Ќе бидат поддржани инвестициите на приватните сопственици на шуми, а продолжува и финансиската поддршка во висина од 50% од вредноста на инвестицијата преку ИПАРД (2015–континуирано)
- Реализирање на проектот „Одгледување на брзорастечки видови дрва“ (2014–континуирано)
- Ќе бидат доделени уште 9 ловишта, кои со завршување на периодот на концесија ќе се објават со јавен повик. Посебно внимание ќе се посвети на поттикнување на развојот на ловниот туризам, особено преку промоција на македонските ловни капацитети и привлекување на странски гости и инвеститори (2014–континуирано)
- Реализирање на проектот „Подобрување на евиденцијата на шумскиот фонд во Република Македонија“ во чиишто рамки ќе бидат спроведени следните активности:

- Изработка на Физибилити студија за квантификување на промените на земјиштето (2015)
  - Разграничување на шумите и шумското земјиште од земјиштето со друга намена (2017)
  - Воспоставување на Шумарски информативен систем со примена на ГИС – географски информациски систем и ТДС–техниките на далечински сензори во шумарскиот сектор (2014–2018)
  - Завршување на воспоставувањето на информативен систем за превенција од шумски пожари (2014)

- Зајакнување на капацитетите на Шумската полиција преку доследно спроведување на регулираниот систем на посебни овластувања, обезбедување на засилени специјалистички обуки и нивно современо опремување (2015)

## СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Обезбедувањето на соодветно ниво на социјална заштита на најранливите слоеви на населението е од особена важност за остварување на одржлив економски развој.
Во периодот 2014–2018 година Владата ќе ги реализира следните инфраструктурни проекти:

- 40 нови градинки, објекти и групи во други просторни услови (2014–2018)
- 2014 година, вкупно 10 објекти – детски градинки, објекти и групи,
- 2015 година, вкупно 10 објекти – детски градинки, објекти и групи,
- 2016 година, вкупно 10 објекти – детски градинки, објекти и групи, и
- 2017 година, вкупно 10 објекти – детски градинки, објекти и групи.
- Отворање на дневни центри за стари лица преку изградба на најмалку два дневни центри на годишно ниво во градот Скопје и повеќе општини во Македонија (2014-2018)
- Отворање на дневни центри за деца со попреченост (аутизам – Штип, Охрид, Битола и Прилеп, пречки во развојот – Валандово, Липково, Кочани, Охрид и Демир Хисар, оштетен вид и Даунов синдром – Скопје и Велес) и деца на улица – Прилеп и Гостивар (2014–2018)

**Достоинствен живот за пензионерите**

Врвен приоритет на Владата е грижата и заштитата на највозрасните граѓани што се потврдува преку големиот број мерки и активности спроведени во изминатиот период. Исплатата на пензиите ќе продолжи да се врши секоја прва седмица од месецот истовремено за сите корисници на пензија. И понатаму два пати годишно, на 1 јануари и 1 јули, пензиите ќе се усогласуваат со порастот на трошоците за живот во претходниот период, со цел да се зачува нивната реална вредност и да се заштити стандардот на пензионерите. Ќе продолжи развојот на вториот и третиот пензиски столб. Во наредниот четиригодишен период ќе се спроведат следните проекти:

- Зголемување на пензиите за вкупно 21,5%, односно по 5% годишно со исплатата на пензијата за јуни секоја година. Со оваа мерка продолжуваме да го подобруваме животниот стандард на пензионерите и да водиме вистинска грижа за највозрасните граѓани на Македонија (2014–2018)

- Бањско-климатска рекреација на пензионери – услугата ќе може да се користи од март до ноември во траење од 7 дена и ќе опфаќа:6 полни пансиони, бањска терапија, задолжителен здравствен преглед и трошоци за превоз. Со проектот ќе бидат опфатени 22.000 пензионери во наредните четири години (2014–2018)
- Бесплатен туристички викенд за пензионери – услугата ќе може да ја користат лица-корисници на старосна, инвалидска и семејна пензија, при што предност ќе имаат корисниците на пониска пензија. Во овој проект влегува платен превоз, ноќевање и 2 полни пансиони, а ќе бидат опфатени 12.000 пензионери за четири години (2015–2018)
- Проширување на услугата за бесплатен јавен транспорт во градскиот сообраќај во Скопје - преку кој досега се овозможи бесплатен превоз за возрасните граѓани во градскиот јавен сообраќај во Скопје во вторник, петок и сабота, а ќе се воведе и во недела (2014–континуирано)
- Бесплатен викенд за старите лица за превоз во железничкиот сообраќај. Сите мажи над 64 години и жени над 62 години ќе имаат право на бесплатен превоз во повратен правец во определен викенд во месецот (2015)
- Информираност на осигурениците за пензиски стаж – реализација на пилот проект за доставување известување до осигурениците за состојбата за пензискиот стаж и уплатените придонеси. Со пилот проектот ќе бидат опфатени 30.000 осигуреници (од 2015)
- Формирање на Совет за социјална сигурност на кој ќе се разгледуваат теми од областа на социјалното осигурување и заштита (2016)
- Овозможување на електронски пристап до податоците за стаж и платен придонес во ФПИОМ (2015–2016)
- Зголемување на транспарентноста при сместување во пензионерски домови преку воведување на софтвер за рангирање и распоредување на пензионерите во пензионерските домови (2016–2017)
- Домашна грижа и помагање на стари лица преку спроведување на посети од патролни социјални работници и медицински сестри и доктори, два пати месечно (2015)
- Изградба на приватни домови за стари лица преку привлекување инвеститори на кои ќе им се понудат поволни услови за купување на градежно земјиште за изградба на објектите, намалување на комуналните такси за 95%, обезбедување на поволности преку МВПР, АППРМ и АВРМ, како и овозможување странски државјани да ги користат домовите за стари лица  (континуирано)

**Мерки за подобрување на состојбата на пазарот на труд**

Економската политика на Владата на Република Македонија и континуираното спроведување на реформи насочени кон подобрување на состојбите на пазарот на труд се во насока на креирање на нови работни места и зголемување на бројот на вработени. Во наредниот период се предвидува донесување на Национална стратегија за вработување 2015–2019 во која политиките на пазарот на трудот ќе ги следат насоките дефинирани во Европската економска стратегија – „Европа 2020“. Во следниот период, согласно Законот за минимална плата ќе се обезбеди зголемување на минималната плата во следниот период, и покрај зголемувањето од март 2014 година од 8.050 денари на 8.800 денари, ќе има зголемување и во март 2015 година од 8.800 денари на 9.590 денари и март 2016

година од 9.590 денари на 10.080 денари. И по овој период, односно во 2017 и 2018 година ќе има зголемување на минималната плата, кое Владата ќе го усогласи со социјалните партнери.
Особено внимание Владата ќе посвети за подобрување на состојбата кај младите лица преку следните мерки за зголемување на вработеноста на млади лица:

- Ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработување млади лица до 29 години на начин што работодавачите ќе бидат ослободени од плаќање на социјални придонеси и персонален данок на доход за период од 12 месеци за плата во износ до просечната бруто плата, со обврска да го задржат лицето на работа дополнителни 12 или повеќе месеци (2014–2016)
- Програма за самовработување со кредитирање и Програма за поддршка за вработување во мали и средни компании – со која за самовработување на млади лица до 29 години ќе им се обезбеди кредит во износ од 7.000 евра. Доколку вработат уште 4 лица, ќе добијат дополнителни 4.000 евра за секој нов вработен, или вкупен износ од 23.000 евра. Овој проект важи и за останатите невработени лица, при што за носителот на кредитот може да се добијат 5.000 евра, а за останатите 4 вработени по 3000 евра или вкупно 17.000 евра (2014–континуирано)
- Изработка на оперативен план за активни мерки и политики за вработување (2014–2018)
- Поддршка за самовработување со проектот „Од идеја до бизнис“ и формализација на постојни бизниси со неповратни средства – грант од 3.000 евра за секој новорегистриран сопствен бизнис (2014–континуирано)
- Поддршка за прво вработување и практикантство за млади невработени лица со цел нивна подготовка за вклучување на пазарот на труд. Преку програмата ќе се исплаќаат по 6.200 денари за лице месечно со платен данок и осигурување за период од 3 месеци. Со Програмата ќе се субвенционираат 2.000 невработени лица (2014–континуирано)
- Воведување на активни мерки за вработувања на самохрани родители, деца без родители, родители на деца со посебни потреби, млади лица до 27–29 години, лица од 50–62 години и лица на кои работниот однос им престанал врз основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок (2014–континуирано)
- Програма за субвенционирање на вработување на деца без родители со која на работодавачите им се обезбедува 100% од минималната бруто плата за период од 12 месеци и 100% од минималната нето плата и 50% од придонесите во следните 12 месеци за вработување на децата без родители и обврска да ги задржи на работа 2 години (2014–континуирано)
- Програма за субвенционирање на вработување на корисници на социјална парична помош (2014)
- Програма за субвенционирање на вработување на инвалидни лица(2014–континуирано)
- Програма за субвенционирање на вработување на млади лица до 29 години „Прва шанса“ според моделот 3+6, кој предвидува 3 месеци субвенционирано вработување со полно работно време и 6 месеци обврска на работодавачите да го задржат на работа (2014)

- Обука кај познат работодавач со субвенционирано вработување преку обезбедување финансиска поддршка од 5.700 денари и субвенција за вработување за период од 3 месеци во износ од 13.000 денари со обврска за работодавачот да го задржи лицето на работа дополнителни 6 месеци (2014‒континуирано)
- Обуки за напредни ИТ вештини(2014‒континуирано)
- Финансиска поддршка за правни субјекти за отворање на нови работни места во мали и средни претпријатија и занаетчии од мал обем(2014‒континуирано)
- Обука кај познат работодавач преку надоместување на трошоците на подготовка за вработување на невработени лица при што работодавачот има обврска да вработи најмалку 50% од обучените лица и да не го намали бројот на вкупно вработени лица во рок од 6 месеци (2014‒континуирано)
- Обуки за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот(2014‒континуирано)
- Поддршка за активно барање на работа и професионална ориентација(2014‒континуирано)
- Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот од сообраќајната струка (2014)
- Проект „Едукација за започнување на бизнис" (2014‒континуирано)
- Проект „Мотивациски обуки" (2014‒континуирано)
- Проект „One stop shop" – воспоставување на заедничка институција на Агенцијата за вработување на РМ, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи и Централниот регистар со цел издавање на дозволи за вработување на странци и регулирање на престој на странци (2015‒2016)
- Проект „Форуми со работодавачите" на кои ќе се информираат работодавачите за активните програми и мерки за вработување, ќе се идентификуваат бариерите на фирмите за креирање на нови работни места и ќе се јакне социјалниот дијалог помеѓу работодавачите, единиците на локална самоуправа и државните институции (континуирано)
- Отворање на дисперзирани канцеларии на центрите за вработување за приближување на услугите и олеснување на пристапот до АВРМ (2014–2015)
- Државниот инспекторат за труд ќе продолжи со координиран и професионален инспекциски надзор со цел унапредување на правата и обврските на работодавачите и работниците

**Социјална сигурност и заштита**

Владата на Република Македонија во наредниот четиригодишен период целосно ќе се посвети на реализација на стратешките определби за достоинствен живот на сите граѓани на Република Македонија преку:

- Зголемување на социјалната парична помош за вкупно 21,5%, односно по 5% годишно, со исплатата за јуни секоја година (2014–2018)
- Зголемување на постојаната парична помош за вкупно 21,5%, односно по 5% годишно, со исплатата за јуни секоја година (2014–2018)
- Зголемување на посебниот додаток за материјално необезбедени родители на деца со пречки во развојот за 25% и истиот ќе изнесува 5.457 денари (јуни 2015)

- Зголемување на паричниот надоместок за згрижување на деца без родители и родителска грижа за 25% (јуни 2015)
- Воведување на посебен додаток за сите деца со Даунов синдром во износ од 4.366 денари со кои значително ќе им се помогне на сите родители на децата со Даунов синдром (јуни 2015)
- Донесување на Закон за спречување и заштита од семејно насилство (2014–2015)
- Отворање на 10 нови советувалишта за брак и семејство кои ќе даваат услуги на семејства со нарушени семејни односи, во постапка на развод или со нерасчистени партнерски односи (2015)
- Донесување на Закон за социјално претприемништво (2014–2018)
- Ќе продолжи реализацијата на проектот „Се грижиме за топол дом" преку кој ќе се поттикне хуманоста на граѓаните да донираат покуќнина, мебел, бела техника, електрични апарати, апарати за домаќинство, опрема за деца и друго, која ќе се донира на социјалните категории на граѓани и сиромашни семејства (континуирано)
- Проект „На секое дете му е потребно семејство" –за подигнување на бројот на згрижувачки семејства ќе се обезбеди поддршка на оние семејства кои ќе се одлучат да згрижуваат деца без родители, за што ќе биде обезбеден надомест согласно Законот за социјална заштита (2014)
- Ослободување од радиодифузна такса за семејствата корисници на социјална парична помош (2015)
- Проект „Народни кујни" – покрај постојните 44 народни кујни, со кој се обезбедува топол оброк за 4.000 лица, ќе се отворат дополнителни 8 народни кујни (2014–2017)
- Проект „Условен паричен надоместок" кој е наменет за ученици од средните училишта кои потекнуваат од семејства корисници на социјална парична помош, при што нивна обврска е редовно да одат на училиште и на здравствен преглед. Вкупниот износ на условениот паричен надоместок за секој примател изнесува 12.000 денари годишно (2014–2016)
- Проект „Заштита од енергетска сиромаштија" кој ќе се реализира преку зголемено субвенционирање, коешто во 2015 ќе изнесува 800 денари месечно, во 2016 ќе изнесува 900 денари месечно, а во 2017 и 2018 ќе изнесува 1.000 денари месечно (континуирано)

**Заштита на инвалидни лица**

- Вработување на инвалидни лица прекупромена во концептот на вработување со кој ќе се овозможи директна помош и социјална интеграција на лицата со инвалидност со отворање на можности за полесно вработување во јавниот и приватниот сектор како и за останатите граѓани (2014–2015)
- Снимање на фонд од 400 аудио книги за лица со оштетен вид (2014–2018)
- Изградба на гумирани помошни патеки кои ќе им го олеснат движењето на слепите лица по фрекфентните места низ Македонија (2015–континуирано)
- Проект „10 инклузивни детски игралишта" на територијата на Македонија преку опремување со реквизити кои би биле достапни за децата со инвалидитет (2014–2018)
- Означување на лековите со Брајово писмо (2015)

- Проект „Пристапни рампи за лицата со инвалидност“ за изградба на пристапни рампи, лифтови и подвижни платформи во објектите на органите на државна управа (2014–2016)
- Проект „Достапна администрација за лица со хендикеп“ согласно кој во секоја државна институција ќе се назначат службеници кои ќе им помагаат на лицата со хендикеп (2014)
- Рефундирање на средства платени како данок и царински давачки за набавка на возило за лица со најмалку 80% инвалидитет на долните екстремитети, како и за потполно слепи лица со придружник (2015–2016)
- Стоп за исклученоста – грант за самовработување на лица со инвалидност кои ќе добијат по 5.000 евра за формирање на сопствен бизнис и самовработување (2015)
- Бесплатна рехабилитација и рекреација на деца со пречки во развојот во социјална установа за згрижување и рехабилитација на деца и младинци од 6 до 26 години и возрасни лица со телесен инвалидитет (2015–2018)
- Проект „Инклузивни и креативни“ за обезбедување на самоодржливост на дневните центри во Македонија (2014)

**Еднакви можности за сите**

- Имплементирање на програма „Патролни социјални служби“ – чија задача е откривање и санирање на сите социјални проблеми: бездомништво, деца на улица, просјачење, семејно насилство, стари лица, корисници на дрога, инвалидни лица и нарушени семејни односи (континуирано)
- Отворени денови за социјална заштита во руралните средини со цел приближување на социјалната заштита и работа на жителите од овие региони, превенција и рано откривање на изложеноста на социјален ризик и други услуги од социјална заштита (2014--2018)
- Ќе продолжат активностите за постепена деинституционализација на лица со попреченост во менталниот развој (2014–континуирано)
- Измени и дополнувања на Законот за еднакви можности на жените и мажите (2014–2015)
- Родово одговорно буџетирање во чиишто рамки ќе се реализираат следниве активности: спроведување на родова буџетска анализа, дополнување на буџетски циркулар, реализирање на основни и специјализирани обуки и организирање на промотивни активности (2014–2016)
- Превенција на трговија со луѓе преку подигнување на јавната свест и обуки за работа со жртви на трговија со луѓе (2014–2016)

**Социјално партнерство**

- Отворање на канцеларија на Економско социјалниот совет за унапредување на трипартитниот социјален дијалог (2014–2015)
- Воспоставување на Функционален систем за мирно решавање на работни спорови (2014–2015)

**Заштита на децата**

Во наредниот четиригодишен период ќе се реализираат следните проекти:

- Приватни установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој. Ќе се поттикне приватниот сектор за инвестиции во оваа област преку намалување на

комуналниот надоместок за 95%, обезбедување поволни кредити со каматна стапка од 5,5% и преземање на други мерки за поддршка (2014–континуирано)

- Набавка на логички игри и сложувалки во јавните установи за деца – детски градинки (2014–континуирано)
- Бесплатен одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик за што на годишно ниво 2.000 деца ќе бидат пратени на бесплатен летен одмор, а 1.000 деца на бесплатен зимски одмор, или вкупно 3.000 деца годишно (2014–континуирано)

**Заштита на лица со статус на деца без родители и родителска грижа**

Грижата за децата без родители, покрај субвенционирањето на нивното вработување, ќе се спроведува и преку:

- Програма Д-10 за вработување на лица кои до 18годишна возраст имале статус деца без родители и без родителска грижа (континуирано)
- Решавање на станбеното прашање на лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и без родителска грижа (континуирано)
- Еднократна парична помош за деца без родители заради поуспешна ресоцијализација по полнолетството и напуштањето на установите и згрижувачките семејства, за што ќе се обезбеди еднократна поддршка од 180.000 денари (континуирано)
- Право на парична помош за студирање за деца без родители и родителска грижа кои се запишани како редовни или вонредни студенти на јавните високообразовни установи (континуирано)
- Курсеви наменети за децата без родители и родителска грижа за да станат поконкурентни на пазарот на труд и побрзо да најдат работа. Обуки ќе се вршат за учење странски јазици, информатичка технологија, комуникациски вештини, претприемништво и иновации, како и курсеви за стекнување на знаења и вештини кои се дефицитарни на пазарот на труд (2014)

**Демографски развој**

- Стратегија за демографски политики на Република Македонија 2014–2024 година
- Изработка на Акциски планови за миграции, семејни политики и постари лица
- Политики за справување со миграциските текови и миграциски политики

**Заштита на Ромите**

Владата ќе продолжи да ги промовира принципите на активна заштита на правата на Ромите и унапредување на нивната состојба преку реализација на повеќе проекти:

- Инклузија на деца Роми во предучилишно образование (континуирано)
- Проект за правна помош за ромската заедница (2015)
- Ревидирање на постојната стратегија за Роми (2014–2020)
- Преземање мерки за социјално вклучување на Ромите на пазарот на труд (2015)
- Ромски информативни центри за советување и поддршка на граѓаните во остварувањето на своите права и обврски (континуирано)

**Останати проекти**

- Евиденција на лица кои не поседуваат документ за идентификација во матична книга на родените (континуирано)

- Волонтирање на студентите во јавните институции во текот на летниот период (2014–2018)

## РЕФОРМИ ВО СУДСТВОТО

Понатамошните реформи во правосудството остануваат врвен приоритет и во новиот мандат на Владата на РМ и во таа насока ќе се реализираат следните активности:

- Ќе предложиме изменување и дополнување на Законот за Академија на судии и јавни обвинители со цел:
  - Измена на составот на управниот одбор на Академијата, со цел како членови на управниот одбор да бидат назначени судии и јавни обвинители оценети со највисоки оценки и кои имаат меѓународнисертификати за познавање на англискиот јазик и психолошки и тестови за интегритет
  - Воспоставување на нов модел на правна заштита на кандидатите кои не се примени во Академијата, пред посебна стручна комисија
  - Унапредување на програмите за почетна и континуирана обука на судиите и јавните обвинители, со користењеврвна стручна правна литература
  - Унапредување на психолошките тестови и тестовите за интегритет согласно најдобрите пракси на земјите членки на ЕУ со акцент на self-assessment
  - Надградба на модулите зае-Учење и софтверот за е-Учење
  - Зајакнување на меѓународната соработка преку вклучување на слушателите на почетната обука, и новоизбраните судии и обвинители на едномесечен престој во судовите и обвинителствата на државите во ЕУ, во ЕСЧП и ЕСП
  - Уредување на постапката за полагање на приемниот испит во Академија по електронски пат, создавање на електронска база на прашања и база на студии на случај, софтверско избирање на прашањата за секој кандидат по случаен избор, снимање на испитот и следење во живо на веб-сајтот на Академијата, како и проверка на способноста за практична примена на законите преку полагање на студија на случај
  - Користење на врвна стручна правна литература при создавање на електронска база на прашања и база на студии на случај за полагање на приемниот испит во Академијата
  - Уредување на критериуми за едукаторите во Академијата кои ќе работат на изготвувањето на базата на прашања и базата на студии на случај при електронското полагање на приемниот испит во Академија
  - Воспоставување на комисија која ќе врши верификација на прашањата за полагање на приемниот испит во Академијата од базите на прашања и студиите на случај изготвени од страна на едукаторите од Академијата
  - Воспоставување систем на ревизија на спроведените приемни испити во Академијата, вклучувајќи и ревизија на поднесените документи, преку кој ќе се потврдува исполнетоста на условите за прием
  - Просторно и техничко доопремување на Академијата(2014–2017)
- Транспарентен, ефикасен и независен правосуден систем. Доколку се обезбеди двотретинско мнозинство во Собранието на РМ во насока на целосно исполнување на препораките на Европската Комисија, Советот на Европа, ГРЕКО и усогласување со меѓународните стандарди, ќе продолжиме да ги унапредуваме

системот на одговорност на судиите и надлежноста на Судскиот совет, како и условите за избор на членови на Судскиот совет и Претседателите на судовите, односно:

  - Ќе предложиме исклучување на Министерот за правда од составот на Судскиот совет на РМ, по функција
  - Ќе формираме ново институционално тело – Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за дисциплинска одговорност на судии, кое ќе биде составено од искусни и истакнати правници избрани од страна на судиите на непосредни избори, а чија задача ќе биде да постапува по претставки и поплаки против судиите во улога на истражно тело
  - Ќе обезбедиме можност за правна заштита против одлуките на Судскиот совет за избор и унапредување на судиите и воведување на задолжителни образложенија на одлуките на Судскиот совет
  - Унапредување на работата на Судскиот совет и судовите преку воведување на дополнителни критериуми за избор на членовите на Судскиот совет и претседателите на судовите
  - Унапредување на системот на евалуација на работата на судиите и судовите, како и системот на дисциплинска одговорност на судиите(2014–2016)

- За јакнење на ефикасноста на судството ќе се реализираат следните активности и проекти:
  - Системско подобрување на алатките за пребарување на пресудите на веб страниците на судовите
  - Надоградба на АКМИС системот за управување со движењето на предметите во судовите со воведување на нови алатки за следење на постапувањето на судиите и судските службеници во законските рокови
  - Целосна имплементација на електронската достава и тонско снимање
  - Целосно воведување на аудио-видео снимање на рочиштата во судовите(2014–2016)
- Намалување на судската такса за физички лица кои ги доставуваат поднесоците до судот по електронски пат (2015)
- Јакнење на системот на Управно право, преку зголемување на ефикасноста на Управниот суд, на Вишиот управен суд, како и на органите на државна управа и државните органи. Ќе се доуреди законската рамка во областа на управно-судската заштита и ќе се воведе функционална интероперабилност меѓу Управниот суд, Вишиот управен суд, органите на државната управа, државните органи и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (2016–2017)
- Понатамошен развој на граѓанско-правниот систем, преку изготвување на Граѓански законик кој ќе придонесе за стабилизирање на граѓанско-правната материја како еден од носечките столбови на правниот систем и ќе се зајакне правната сигурност на учесниците во правниот систем (2017)
- Изработка и имплементација на стратегија за информациите кои ги објавуваат судовите и јавните обвинителства да бидат јасни за граѓаните (2015)
- Казнено право – во насока на заокружување на реформата во казненото законодавство:

  - Доколку се обезбеди двотретинско мнозинство во Собранието на РМ, ќе предложиме донесување на нов Закон за Јавно обвинителство (2015)
  - Ќе се имплементира ИТ систем во обвинителството и ќе се воспостави интерконекција со системите во судовите и институциите надлежни за спроведување на Законот за кривична постапка (2016)
  - Целосна имплементација на аудио-видео системот за сослушување во јавните обвинителства (2016)
  - Дополнително зајакнување на кадровските и материјално техничките капацитети за ефикасно функционирање на судовите и јавните обвинителства (континуирано)
- Брзо и ефикасно извршување и нотаријат – во насока на унапредување на состојбите во сферата на извршувањето и нотаријатот:
  - Ќе бидат донесени нови закони за извршување и нотаријат
  - Ревидирање на критериумите за определување на бројот и распоредот на службените седишта на нотарите и извршителите
  - Ќе се направи анализа на можноста за намалување на дел од трошоците и наградите за работењето на нотарите и извршителите (2014–2015)
  - Реализација на е-Нотаријат преку воспоставување на Централна електронска нотарска архива на сите нотарски уписници, книги и именици, што ќе овозможи креирање на електронски нотарски договор, електронски уписник, електронска архива, електронско поврзување со институциите (2017)
  - Реализација на е-Извршител, со што ќе се овозможи задолжително електронско поврзување на Извршителите со институциите (2017)
  - Реализација на проектот е-Оставинска постапка (2017)
- Развој на концептот на медијација – со кој се креира систем на медијација кој се темели пред се на обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, што се покажа како неопходен предуслов за стекнување на доверба во медијаторите (2014–2015)
- Електронско полагање на испити во надлежност на Министерството за правда (2014–2015)

**Човекови права**

Заштитата на човековите права и слободи се врвен приоритет на Владата на Република Македонија. Нивното целосно почитување согласно меѓународните конвенции, а особено Конвенцијата за заштитата на основните човекови права и слободи, претставува основен предуслов за развојот на демократското општество. Во насока на подобрување на системот на заштита, се предвидува:

- Воведување на Уставната жалба како на нов правен лек за заштита на човековите права и основни слободи (2016)
- Понатамошно доближување на праксата на Европскиот суд за човекови права до релевантните домашни органи (континуирано)
- Проверка на усогласеноста на домашните законски прописи со Европската конвенција за човекови права и слободи (2014)
- Подобрување на системот на извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права во Република Македонија (2014)
- Унапредување на системот за бесплатна правна помош (2014–2015)

**Борба против корупцијата**

- Реализација на препораките на ГРЕКО дадени со Извештајот за евалуација на Република Македонија – Четврт круг на евалуација (2015)
- Следење на имплементацијата на активностите предвидени во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за намалување на појавата на судир на интереси со Акциски план 2011–2015 година (2016)
- Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција во насока на воведување на систем на интегритет во сите институции во јавниот и приватниот сектор и заштита на лицата кои пријавуваат сомневање или сознание за случаи на корупција и друго незаконито и недозволиво постапување (2015)
- Воспоставување на систем за мониторинг на анти-корупциската политика (2017)

**Останати активности**

- Портал е-Правосудство кој се предвидува да биде сеопфатен портал за целата област на правосудството кој ќе им овозможи на граѓаните, стручната јавност и на заинтересираните страни, пристап до сите податоци поврзани со работата на судовите и судските постапки (2016)
- Ќе продолжи унапредувањето на електронскиот систем во судството, преку електронско поврзување на судовите со Клириншката куќа, Централниот Регистар, Агенцијата за катастар на недвижности, Управата за водење на матични книги, Министерството за внатрешни работи, вештаците и други институции (2017)
- Надградба и имплементација на електронскиот матичен регистар во Република Македонија (2015–2016)
- Изготвување и имплементација на Стратегија за управување со правни ризици во јавниот сектор (2016–2017)
- Реорганизација, јакнење на улогата и зголемување на квалитетот на работата на Државното правобранителство на Република Македонија (2016)
- Затворски систем – реформата на пенитенцијарниот систем како дел од кривично-правниот систем во државата останува приоритет во насока на целосно почитување на човековите права на осудените и притворените лица. Во наредниот период следи:
  - Целосна реализација на изградбата на новите објекти во КПД Идризово (2018)
  - Изградба на комплетно нов воспитно-поправен дом во Тетово (2016–2017)
  - Изградба на нови објекти во Затворот Скопје (2017–2018)
  - Воспоставување на пробациска служба и ефикасно извршување на алтернативните мерки во согласност со европските и меѓународните стандарди за човекови права (2016)
  - Изработка на Закон за пробација, набавка на електронски алки и опрема за електронско следење на сторители на кривични дела на кој ќе им биде изречена казна куќен затвор или мерка куќен притвор (2016)
  - Донесување на Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Македонија (2014–2015)
- Донесување на Законски измени за завршување на процесот за денационализација (2015)
- Воспоставување на софтвер за следење на прекршочните казни (2016)

## МОДЕРНА, РЕФОРМИРАНА, ЕВРОПСКА ПОЛИЦИЈА ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ

Во новиот мандат ќе останеме вистински сервис за граѓаните. Доследно ќе ги почитуваме високите стандарди во работењето и ќе останеме посветени на неселективната и бескомпромисна борба против криминалот и корупцијата во институциите и во општеството. Работејќи транспарентно ќе продолжиме со промоција на системот на владеење на правото, што во фокусот го има почитувањето на човековите слободи и права. Во таа насока ќе се реализираат следните реформи и проекти:

**Реформи и подобрување на условите за работа на МВР**

- Воспоставување на посебна институција за контрола на работата на полициските службеници и овластените службени лица во МВР (2015)
- Усогласување на платите на вработените во МВР преку стратегија за усогласување на основната плата во МВР со основната плата во јавната администрација (изработка на стратегија 2014, имплементација на мерките 2017/2018)
- Нов систем за обновување на униформата „Ваучер за униформа“ за секој униформиран полициски службеник (2015)
- Реконструкција на објекти во насока на подобрување на условите за работа и престој на вработените во МВР (2018)
- Изградба на нов објект на полициска станица во Ѓорче Петров
- Модернизација на граничната полиција и набавка на високо-софистицирана опрема за надзор на границата (континуирано)

**Подобри и нови услуги за граѓаните**

- Воведување на Електронска лична карта која покрај за докажување на идентитетот, државјанството и живеалиштето, ќе се користи и за потврдување дали дека идентитетот е автентичен и реален, за пријавување на порталот на МВР за брза испорака на уверение за државјанство, поднесување на даночна пријава до УЈП, за потпишување и криптирање на документи и др. (2017)
- Олеснување на пристапот до документи – без разлика на местото на живеење секој граѓанин со претходна најава ќе може да аплицира или подигне документ (лична карта, патна исправа или возачка дозвола) во друг град (2015)
- Полесно до личен документ – проширување на call центарот во повеќе градови и телефонско закажување за вадење на нови лични карти, патни исправи и возачки дозволи преку СМС на цела територија на Македонија (2015)
- Закажување на регистрација на возила и продолжување на регистрација преку интернет (2015)
- Нови дисперзирани канцеларии на управните служби во повеќе населени места во Македонија (континуирано)
- Проект „Лична карта во Вашиот дом“– услуга за издавање лични документи во нивниот дом или деловен простор преку соодветен надомест (јануари 2015)
- Составување на електронски записник од увид во сообраќајна незгода за учесниците во сообраќајната незгода да го добијат по електронски пат (2015)

- Создавање на база на податоци со изгубени и пронајдени предмети на веб-страната на МВР, како и регистар на украдени, изгубени и пронајдени предмети (2015)
- Поставување на хот-спот на граничните премини при што секој кој патува во Македонија ќе добие корисна информација поврзана со сообраќајните и безбедносни прописи на МВР (континуирано)

**Технологијата во функција на поголема безбедност**

- Дигитална полиција – втора фаза, со што ќе се прошири опфатот на корисници на проектот за командување со сложени полициски операции од централен команден центар, во кој старешинскиот кадар ќе има дигитален увид за состојбата на терен (2016)
- Дигитални радио станици Тетра 3, со што ќе се постигне 100% покриеност на територијата со дигитален радио сигнал за потребите на полицијата и потенцијал за приклучување на други институции (2014)
- Модернизација на централниот систем ХОСТ (2016)
- Зајакнување и проширување на главната мрежа со оптички кабли (2016)
- Центар за непречено продолжување со работа на електронските системи во случај на катастрофа, преку изградба објект на оддалечена локација во кој стратешки ќе се поврзат повеќе државни институции согласно Шенгенските стандарди (прва фаза – декември 2016 година, втора фаза – декември 2018 година)
- Проект „Национална база за разузнавачки податоци“ - воспоставување на систем за рано предупредување и подобра координација и автоматска размена на податоци во реално време меѓу институциите надлежни за спроведување на законот (2018)
- Унапредување на службата за криминалистичка техника согласно стандарди на Европската Унија и акредитација на лаборатории во Оддел за криминалистичка техника (2017)
- Зголемување на безбедноста на мрежната опрема на МВР (2017)
- Мрежна инфраструктура за IP телефонија, преку продолжување на замената на стариот телефонски систем со IP телефонија (тековно)
- Воведување на систем за информациска безбедност кој опфаќа подигнување на степенот на физичка заштита, непрекинато напојување со електрична енергија, противпожарна заштита, издвојување на мрежата за користење интернет и регулирање на пристапот до класифицирани информации (2016)
- Инсталација на уреди за климатизација и резервно напојување на систем сали (2016)
- Изградба на отворена мрежа со цел разделување на компјутерските мрежи на два посебни сегменти: издвоена компјутерска мрежа за користење само на официјални апликации на министерството (Интранет) и изградба на отворена мрежа (Интернет) (2015)
- Унапредување на информатички капацитети на полициските станици (2016)
- Евиденција на прекршочни предмети и постапки во централна база (континуирано)
- Евиденција на наплата на казни по електронски пат (континуирано)

**Безбеден сообраќај**

- Проширување и надградување на проектот „Безбеден град“ преку надградба на постојниот систем за видео-надзор и користење на истиот од страна на службите за

контрола и регулирање на сообраќајот со техничка можност за документирање на прекршоците (2017/2018)

- Воспоставување на видео-надзор на местото каде полициските службеници вршат контрола на возила и возачи (2015)
- Проект на „Зони на смирен сообраќај" – во населените места ќе се постави сообраќајна сигнализација со која ќе се означат смирени зони во сообраќајот, односно ќе се ограничи брзината на движење на возилата пред основните училишта (септември 2014)
- Проект „Дали возам безбедно?" наменет за пријавување на неодговорни возачи (септември 2014)
- Предложување на сообраќајна контрола на веб-страната на МВР, при што секој граѓанин ќе може да испрати информација за нерегуларности во сообраќајот до МВР (2015)

**Безбедни соседства**

Во насока на зајакнување на безбедноста во населените места ќе бидат реализирани следните проекти:

- Соседска патрола во која ќе се вклучат заинтересирани граѓани кои заедно со полицијата ќе придонесат за поголема безбедност и намалување на кривичните дела (2014)
- Создавање на мобилни полициски станици за обезбедување на максимална видливост и присутство на полициските службеници на места каде што не постои полициска станица (2018)
- Поставување на онлајн полициски станици преку воведување на регистар на дојави и адреси на веб страната на МВР со опис на специфични области на дејствување на полициската станица (2015)
- Онлајн пријавување на сомнително лице преку пополнување на формулар со повеќе прашања околу поединостите на сомнителното лице (2015)

**Превенција и грижа за сите граѓани**

Со цел унапредување на безбедноста и сигурноста на сите граѓани на Република Македонија, во периодот 2014–2018 година ќе бидат реализирани следните проекти:

- Проект „Отворен регион" со цел промоција на поголема мобилност и подобра комуникација на македонските државјани со нивните блиски кои живеат во соседните држави, посебно во пограничните региони (2015)
- Примена на нови алатки во борбата против трговија со луѓе, како што се т.н. црвено копче и изготвување на индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе и деца по видови на експлоатација (декември 2014)
- Создавање на мапа на криминал од којашто граѓаните ќе може да се информираат за местата каде што се извршуваат криминални активности (2014)
- Проект „Како сте?" со кој ќе се направи список со постари лица кој живеат сами на подрачјата на нивниот реон и ќе се организира нивна месечна посета (декември 2014)
- Воспоставување на Програма за превенција во која полицијата помага да се идентификува и оцени кои млади се под ризик на асоцијално однесување (декември 2014)

- Проект „За спортот – заедно“ со кој ќе биде поттикната соработката меѓу полицијата и членовите на навивачките групи (континуирано)
- Проект „Мојот полицаец“ чија цел е секоја урбана заедница да има список и директен контакт со полициските службеници кои го покриваат регионот (континуирано)
- Континуирана обука на вработените во МВР со која што ќе се овозможи унапредување и движење на вработените во системот на хиерархија
- Понатамошна промоција на Кодексот на полициска етика и подигање на професионалните стандарди (континуирано)
- Проект „Полицијата и граѓаните заедно“ со кој ќе се зближат полицијата и граѓаните во местото каде што живеат (континуирано)
- Создавање на јавна база на податоци со попис на украдени вредни предмети со културно и историско значење за последните 30 години (2015)
- Воведување на онлајн систем за наплата на паркинг казни (2016)

## ОДБРАНА И СИГУРНОСТ

Членството на Република Македонија во НАТО претставува врвен приоритет во надворешната политика на Македонија. Согласно оваа определба ќе продолжи учеството во колективната одбрана на НАТО и давањето придонес во операции на организацијата, како и реализација на активности насочени кон интеграција во политичката, одбранбената и воената структура на НАТО. Во следниот период ќе се спроведат следниве мерки и активности:

- Опремување и модернизација на АРМ преку континуирано подобрување на капацитетите на Армијата со цел градење армија компатибилна со НАТО (2014-–2018)
- Проект „Рамо до рамо со сојузниците“ преку продолжување на активниот ангажман во мировните мисии и учество во градењето на безбедносната архитектура во светот
- Развој на концептот на активна и општа резерва (2015)
- Грижа за стандардот на вработените во МО и АРМ преку подобрување на условите за работа, живот и на стандардот на вработените во МО и припадниците на АРМ, спроведување на проектот „АРМ мој вистински дом”, зголемување на платите и реализација на сите права и обврски согласно закон и колективен договор (континуирано)
- Целосно решавање на статусот на сегашните и поранешните професионални војници согласно измените и дополнувањата на Законот за служба во Армијата на Република Македонија (2014–континуирано)
- Формирање на орган во состав на МО за обезбедување на објектите на МО и АРМ (2015)
- Одржување, унапредување и изградба на нови објекти и инфраструктура на МО и АРМ преку донесување на инвестициона програма на МО (2014–-2018)
- Центар за обука на пилоти каде ќе се вршат најсовремени обуки на симулатори за хеликоптерските единици (2014–-2018)

- Финализирање на проектот „Ослободување од несуштински имот“ со цел завршување на процесот за ослободување на дел од постојните објекти кој не се потребни согласно формациската поставеност на АРМ и нивно користење за друга намена (2014-–2016)
- Развој на Воената Академија и акредитација на студии од трет циклус, т.е. докторски студии (2014)
- Искористување на капацитетот на армискиот полигон Криволак (континуирано)
- Формирање на коалиција помеѓу МО и АРМ со извидниците (континуирано)
- Институт за сајбер-одбрана во духот на концептот на НАТО за паметна одбрана (2016)
- Унапредување на системот на одбраната со примена на информатичка технологија (2018)
- Развивање на системот на воено здравство во чии рамки ќе биде ставена во функција една лесна маневарска полска болница (2014–-2015)
- Изградба на спортска сала или пренамена на постоечките објекти во спортски сали (2015)
- Стипендии за децата на припадниците на АРМ доколку го продолжат образованието на Универзитет под определени услови утврдени со посебен правилник (2015–2018)
- Животно осигурување на припадниците на АРМ и МО (2016)
- АРМ со својот народ - АРМ ќе биде поблиска до граѓаните, а граѓаните на транспарентен начин ќе бидат запознаени со реализацијата на програмите и плановите на Министерството за одбрана (2015)
- Создавање на библиотека во секоја касарна и во рамките на министерството за одбрана со стручна литература од областа на одбраната и реномирани списанија кои се занимаваат со секторот за безбедност, мир и одбрана (2016)
- Учеството во мировни операции во функција на развој на националната економија (континуирано)
- Проект „Учиме за АРМ“ преку кој припадниците на АРМ ќе вршат посета на средните училишта, а учениците ќе имаат можност да се запознаат со функционирањето на АРМ, мировните мисии и слично (континуирано)

## НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, ЕВРОПСКИ И ЕВРОАТЛАНСКИ ИНТЕГРАЦИИ

Надворешната политика има за цел да обезбеди поволна позиција на Република Македонија во меѓународните односи со цел стабилен развој на државата, како и промоција на националните политички, стопански, културни и безбедносни интереси. Нејзини главни приоритети се:

- Членство во НАТО
- Отпочнување на преговорите за членство во Европската унија и зачленување во ЕУ
- Унапредување на постојните стратешки партнерства, како и засновање на нови
- Надминување на наметнатиот спор кој Грција го има со уставното име на Република Македонија
- Продлабочување на меѓусоседските односи и регионалната соработка во Југоисточна Европа

- Промоција на македонските стопански интереси во странство и привлекување на странски инвестиции во земјата, како и зголемување на извозот
- Понатамошна визна либерализација – македонски пасош без визи
- Засилување на економската и јавната дипломатија
- Засилување на врските на Македонија со иселеништвото и заедничка соработка за националните интереси.

Република Македонија ги исполни сите услови за почеток на преговорите за членство во Европската унија. Натамошната надградба на административните капацитети, размената на искуства со државите кои веќе преговарале, како и континуираното исполнување на Критериумите од Копенхаген остануваат наша цврста определба на патот кон членството на Република Македонија во Европската Унија, каде природно припаѓаме.
Продолжуваме да бидеме фокусирани  и на усвојување на законодавството на ЕУ и негово имплементирање кое е потребно не само како критериум за членство на РМ во ЕУ, туку и за приближување на европските стандарди и вредности во насока на подобрување на животот на македонските граѓани.

**Билатерална и мултилатерална соработка**

Владата и понатаму ќе биде доследен поддржувач на регионалните иницијативи. Во тој контекст, Република Македонија ќе ги засили своите активности во рамките на регионалните организации како што е Советот за регионална соработка во Југоисточна Европа, Централно-европската иницијатива и други. Владата и понатаму ќе води особена сметка за негувањето и унапредувањето на политичките и економските односи слободно движење на граѓаните со сите соседни земји: Албанија, Бугарија, Грција, Србија и Косово – засновани на принципите на рамноправност, почитување на територијалниот интегритет и суверенитет, взаемно уважување и почитување на културно-националните посебности.
Владата ќе се залага Република Македонија, како идна членка на Европската Унија, да има отворени, пријателски и блиски односи со земјите со кои Европската Унија има соработка на ниво на стратегиско партнерство. Меѓу нив се САД, Кина, Јапонија, Бразил, Русија, Индија, Канада, Мексико, Јужна Кореа и Јужноафриканската Република. Нагорниот тренд во соработката меѓу Македонија и Израел и понатаму ќе биде поттикнуван со иницијативи во различни области. Ќе се негуваат и ќе се зацврстуваат многу добрите билатерални односи на Република Македонија со Турција и Словенија, во секоја можна област и преку редовни и блиски политички и дипломатски консултации. Во 2014 ќе се отворат амбасади во Бразилија (Бразил), Астана (Казахстан) и во Обединетите Арапски Емирати, а согласно финансиските средства ќе биде разгледана можноста од отворање на уште едно дипломатско-конзуларно претставништво на прекуокеанска дестинација.
Соработката со и во рамките на ОБСЕ останува да биде високо на надворешно-политичката агенда на Владата. Меѓународните организации во исто време ќе бидат добра можност за промоција и заштита на граѓаните на Република Македонија и национално-јазичниот идентитет во новите услови на глобална испреплетеност на нациите и културите. Ќе се интензивира и јавната дипломатија на државата, со цел поголема препознатливост на нејзините туристички потенцијали, културни богатства и мирољубиви политики. Владата ќе продолжи да ги зајакнува економските активности на македонските дипломатско-конзуларни претставништва, особено во делот на привлекување на инвеститори во Република Македонија, преку промоција на предностите за водење бизнис, но и помагање на македонското стопанство преку создавање можности за зголемување на извозот.

**Грижа за дијаспората**
Продолжува политиката на отворени врати кон успешните македонски граѓани од дијаспората и нивното вклучување во општествено-политичкиот живот во земјава. Во наредниот период ќе продолжиме со активностите за склучување на договори за социјално осигурување со држави каде што живеат и работат нашите иселеници, со кои досега нема склучено ваков договор и зајакнување на соработката со нашите иселеници на сите нивоа. И во наредните четири години посветено ќе се работи на зачувувањето на посебноста на македонските граѓани во рамките на државите во кои живеат, како и на зачувување и афирмирање на македонскиот културен, јазичен и национален идентитет.
Во врска со прашањето за бегалците од Граѓанската војна во Грција и Втората светска војна, Владата активно ќе продолжи да води грижа за нив со тоа што ќе ги поддржува нивните иницијативи, во врска со прашањата за нивните имоти, нивното право на државјанство, како и проблемите со кои се соочуваат при преминување на границата.

**Искористување на претпристапната помош од Европската унија – ИПА**
Според индикативната финансиска рамка која засега е утврдена за периодот 2014–2020 година, од страна на Европската унија на Република Македонија ѝ се ставени на располагање околу 600 милиони евра. Оваа помош ќе се користи во следните области: прекугранична соработка, реформи на јавната администрација и правосудството, поттикнување на развојот на човечки ресурси, транспорт и животна средина, активности поврзани со политиките за вработување, образование и социјална политика, поддршка на руралниот развој, како и на конкурентноста и иновациите. Ќе продолжиме со подготовки за нови акредитациизa мерките од ИПАРД Програмата.

*Проекти и активности*– Владата на Република Македонија во следниот период ќе ги реализира следните проекти:

- Воведување на награда за Јавна дипломатија со цел приближување на дипломатијата до граѓаните преку оддавање на признание за промоција на државата на меѓународен план (континуирано, секоја година во декември)
- Одржување на годишни летни и зимски кампови за помладата генерација на македонски граѓани кои живеат надвор од Република Македонија (2014–2018, зимски камп во декември–јануари и летен камп во јули–август)
- Стажирање на македонски граѓани од соседните земји и дијаспората во државните институции во Македонија (2015)
- Поддршка за македонските граѓани кои живеат надвор од Република Македонија за изучување на македонскиот јазик, а за припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик и на мајчиниот јазик, преку разни модалитети (2014-2018)
- Отворање на 15 културни катчиња во повеќе урбани центри со значителна концентрација на македонски граѓани (2014–2018)
- Мапирање и организирање на македонската експертска дијаспора во насока на одржување на врските со македонската експертска дијаспора, како и нивно вклучување во реализирањето на стратешките приоритети на Македонија (2016)
- Воспоставување на Инфо-центар 24/7 во рамките на Министерството за надворешни работи со цел поголема достапност до сите информации за работата и услугите на Министерството за надворешни работи, за сите засегнати граѓани и странки (септември 2014)

## МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА НА ЗНАЕЊЕ

Еден од врвните приоритети на Владата на РМ е унапредувањето на предучилишното, основното, средното и високото образование, како и развојот на науката.

*Основно и средно образование* –во периодот 2014-–2018 година ќе продолжиме со унапредување на воспитно-образовната компонента на основните и средните училишта. Следејќи ги светските образовни трендови ќе инвестираме во осовременување и воведување на нови наставни програми и методи на учење и настава, бесплатни учебници и литература за секој ученик, стипендирање на учениците и откривање, стимулирање и работа со талентираните, советување и информирање на родителите, модернизација на инфраструктурните услови преку изградба на нови и реконструкција на постојните основни и средни училишта и изградба на нови спортски сали, воведување на современа информатичко-комуникациска технологија, зајакнување на воспитно-образовните кадровски капацитети и на можностите за личен и професионален развој.

*Високо образование* –активностите ќе бидат насочени кон усогласување на високообразовниот систем со потребите на пазарот на труд. Ќе го намалиме времето за премин од образование на работа, преку продуцирање на кадри коишто му се потребни на општеството. Ќе продолжи отворањето на нови високообразовни установи, нови студиски насоки и програми, дисперзирани студии, надградба и проширување на системот за стипендирање, зголемување на пристапот до современа литература од која се учи на најреномираните универзитети во светот, надградба на вештините и компетенциите на студентите преку воведување на реална, а не фиктивна практична настава, зголемување на можностите за личен и професионален развој на наставно-научниот кадар и инвестирање во унапредување на инфраструктурните услови на високообразовните установи.

*Наука* –успешни држави и општества се оние кои се базирани на знаење, инвентивност и иновативност, претприемништво и научни достигнувања. Затоа ќе продолжат инвестициите во науката, преку уште поголема поддршка на научно-истражувачкиот кадар и вреднување на трудот преку доделување средства за научно-истражувачки проекти, научни и творечки субвенции, пристап до средствата на Фондот за иновации и технолошки развој, достапност на современа научна литература и списанија со импакт-фактор, поврзување со бизнис-заедницата и странските научници, достапност на лабораториите инсталирани на високообразовните и јавните научни установи.

Во периодот 2014–2018 година ќе се спроведат следните проекти:

- Проект „Градиме и реконструираме училишта“– ќе продолжиме интензивно со изградба и реконструкција на основните и средни училишта. Во периодот 2014–2018 предвидена е санација на кровови во 48 училишта, санација на системите за греење во 35 училишта, замена на прозорци во 39 училишта, санација на подови во 19 училишта и санација на санитарни јазли во 59 училишта. Предност за реконструкција ќе имаат оние училишта кои имаат поголем број на ученици по одделение со цел подобрување на стандардите на образовниот процес
- Во текот на 2014 и 2015 година ќе бидат пуштени во употреба две нови средни училишта во Шуто Оризари и Сарај.
- Ќе продолжиме со изградба и реконструкција на капацитетите за сместување на

студентите. Планирано е комплетно реновирање на студентскиот дом Гоце Делчев во Скопје. Реновирањето на овој дом ќе биде во фази со целосно завршување во 2016 година

- Изградба на нови објекти за потребите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и Факултетот за физичка култура при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а ќе се обезбеди и инфраструктурно решение за потребите на Државниот универзитет – Тетово во Скопје и Универзитетот за информатички науки и технологии во Охрид (2014–2018)
- Проект „Опсерваторија на вештини" преку кој ќе се анализира адекватноста на вештините со кои располагаат учениците од средното стручно образование кон потребите на пазарот на труд, со цел прилагодување на наставните програми со барањата на фирмите (2014–2018)
- Проект „Реални училишни компании" кој предвидува отворање на компании во средните стручни училишта, сродни на застапените струки и наменети за практична настава и комерцијализација на производите и услугите и нивна понуда на реалниот пазар (2015–2018)
- Проект „Модернизација на средното стручно образование'' со кој се предвидува инвестирање во опремување на кабинетите за стручните предмети во сите средни стручни училишта и донесување на нови наставни планови (2015–2018)
- Проект „Лидер" за организирање на натпревари на локално и државно ниво помеѓу ученици од сродни образовни профили во средните стручни училишта, со што би се избирале ученици-лидери во секоја струка (септември 2015)
- Проект „Интерактивен портал за тутори" за поттикнување на социјалната одговорност на студентите и овозможување на пристап до бесплатни дополнителни часови за учениците од основното и средното образование што на крајот би резултирало со поголемо ниво на знаење на истите (2015)
- Популаризирање на театарот во основните училишта со цел да се приближи театарската уметност до најмладата публика и притоа театарот да стане подостапен за секоја возраст (2015–2018)
- Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците" – јакнење на врската родител–ученик–наставник за зацврстување на воспитната компонента, преку заеднички активности во училиштето и организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности (континуирано)
- Проект „Спортски таленти" –со имплементација на спортски активности уште во основното образование ќе овозможиме рано откривање на талентирани деца со цел нивно стимулирање и следење на развојот, како и нивно понатамошо правилно насочување. Ќе отвориме дисперзирани паралелки на Спортската академија, со цел обучување на учениците во средното образование преку посебно обликуван образовен процес во кој посебен акцент и поголема застапеност има практичниот дел (тренинг). Ќе воведеме задолжителна законска обврска училишните спортски клубови да регистрираат екипи во 10 спортови, од кои најмалку 5 екипи да бидат активни и да бидат вклучени во системот на натпревари во рамките на Училишниот спорт. Ќе продолжиме со реализација на „Државните училишни спортски игри", како и зголемување на процентот на ученици во училишно-спортски активности на 36% од вкупниот број на ученици (2014–2018)
- Проект „Градиме 145 училишни спортски сали'' со кој се предвидува изградба на

нови спортски сали во основните и средни училиштата со цел да се унапреди училишниот спорт, здравјето и здравите навики на учениците. Со реализацијата на проектот ќе се обезбедат услови за спорт за 110.000 ученици (2014-–2018).

- Ќе изградиме спортска сала во универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (2015–2016) и спортска сала во Државниот универзитет – Тетово (прва половина на 2015)
- Меѓународни образовани програми во Република Македонија – ќе продолжиме со имплементација на ИБ (International Baccalaureate Organisation) Програмата во македонскиот образовен систем, а ќе ја разгледаме можноста за проширување на истата и во други училишта низ Македонија каде има можности (просторни услови, соодветен кадар и сл.). Дополнително, ќе се погрижиме на учениците да им дадеме можност да изучуваат по уште една меѓународно призната образовна програма АП Програма (Advanced Placement Program) (септември 2015)
- Меѓународно основно училиште кое ќе биде лоцирано во Скопје и ќе биде основано од една од скопските општини, Градот Скопје и Владата на Република Македонија. Наставните планови и програми ќе се остваруваат на некој од светските јазици (2014–2018)
- Воведување на Кембриџ наставни програми по математика и природни науки, како еден од најквалитетните образовни системи во светски рамки. По целосно воведување на Кембриџ наставните програми по математика и природни науки од прво до деветто одделение, ќе продолжиме со нивна имплементација и во средното образование. Исто така, ќе ја разгледаме можноста за имплементација на наставна програма и употреба на учебници и по други предмети од некој од најсовремените и најквалитетни образовни системи во светски рамки (2014–2018)
- Обезбедување на награди за најдобрите ученици во областа на математиката и природните науки, кои учествувале на меѓународен натпревар и се меѓу првите 75% од натпреварувачите (2015–2018)
- Проект „Математика со логика“– во основните училишта ќе продолжи организирањето на обуки за наставниците за подобрување на наставата по предметот математика со цел зголемување на знаењата на учениците (2014–2018)
- Воведување на дигитални содржини во наставата по определени предмети во основното и средното образование (2015)
- Набавка на 300.000 персонални таблет-компјутери со тастатура за сите ученици во основното и средно образование, со што ќе се овозможи посовремен и поактивен пристап во совладувањето на наставата. Ќе продолжиме и со набавка на интерактивни табли за основните и средни училишта (2016–2018)
- Подобрување на вештините кај наставниците и професорите за примена на ИКТ во наставата, преку користење на иновативни методи за учење (2014–2018)
- Согласно со искуствата од познатите светски универзитети ќе се направи дигитална библиотека со снимени предавања од најдобрите наставници во Македонија. Овие видеа ќе бидат достапни за учениците од сите училишта, и истите ќе може да ги следат во своите домови за да учат и го надградуваат знаењето (2014–2015)
- Проект „Споделуваме знаења – Отворени онлајн курсеви“ со кој ќе се креира македонска MOOCs платформа за средните училишта, каде најдобрите професори од средните училишта ќе изработат предавања за предметите (2015–2018)
- Проект „Советување на родители– родителска школа“ со кој ќе се овозможи

зајакнување на воспитната компонента преку активно вклучување на родителите во образовниот процес. Во следниот период ќе продолжиме со вработување на педагози и психолози во училиштата (континуирано)

- Проект „Информиран родител (е-Дневник)‘‘ со цел подобрување на комуникацијата помеѓу наставниците и родителите и овозможување секојдневен и едноставен увид во дневникот на Интернет. На родителите електронски ќе им бидат достапни оценките, поведението и отсуствата на учениците, наставните содржини и други информации (2014–2018)
- Проект „Државна матура“ за унапредување на процесот на реализација на државната матура. Почнувајќи од учебната 2013/2014 година ќе воведеме и трет екстерен предмет за полагање, а од учебната 2014/2015 и четврт екстерен предмет заради зголемување на објективноста на оценувањето на учениците и обезбедување на поправедна и поквалитетна селекција при влез во високото образование (2014–2018)
- Проект „Вешти и компетентни“ чија цел е зголемување на применливите знаења, вештини и компетенции, преку воведување на претприемништво во програмите, зголемување на компетенциите и ефективноста на наставниот кадар и градење партнерство со стопанството за стекнување способности на учениците и студентите за полесно вклучување на пазарот на труд (2014–2018)
- Имплементација на проектот „Безбедни училишта“ во основните и средни училишта со цел обучување на наставниците и учениците за препознавање и справување со насилството (2014–2018)
- Воведување на систем за следење на ОЕЦД индикаторите, односно следење на резултатите на образовните институции и влијанието на учењето, финансиските и човечки ресурси инвестирани во образованието, пристапот до образованието, учеството и напредокот, како и условите за учење и организација на училиштата (2014–2018)
- Проект „Нови стипендии‘‘ со кој ќе продолжи да се наградуваат и мотивираат учениците од јавните и приватните средни училишта (2014–2018)
- Реформа на педагошките факултети чија цел е подобрување на образовниот систем во Македонија преку подобрување на квалитетот на наставниот кадар, подигнувањена улогата и значењето на наставниците во образовниот процес и општеството (2015–2016)
- Стипендии за наставниците кои ќе се запишат на едногодишни магистерски студии на еден од 200 најреномирани светски универзитети од областа на образованието. Овие наставници ќе добијат државна стипендија која ќе ги покрие трошоците за уписнина (школарина), месечните трошоци и еден повратен авио-билет (континуирано)
- Фонд за меѓународна соработка на училишта преку кој ќе се зголеми мобилноста на наставниот кадар низ кратки едукативни и практични посети на наставници од Македонија на училиштата во земјите од ЕУ, со цел стекнување на нови искуства (2015–2018)
- Ќе биде формирана „Академија за техничко образование“ во соработка со стопанските комори и реномирана образовна институција која нуди технички образовни програми. Академијата ќе спроведува кратки специјализирани обуки (доедукација) за вработените во компаниите од техничкиот сектор со понизок

степен на образование (2016)

- Проект „Програмирање” – во рамки на овој проект ќе бидат унапредени наставните програми по информатика, особено програмирање уште во основното образование. Во средното образование ќе бидат воведени дополнителни предмети по програмирање и развој на апликации (2015–2018)
- Ќе набавиме и преведеме стручна современа литература од врвни светски автори за потребите на државните високообразовни установи. Студентите ќе имаат можност да учат од истата литература од која учат и нивните врсници на врвните светски универзитети (2016–2018)
- „Проект 30/35” – продолжуваме со поддршка на лицата кои од било какви причини во минатото не го завршиле своето високо образование. Студентите ќе имаат можност под одредени финансиски и други поволности да се стекнат со диплома за завршено високо образование на некој од државните универзитети (континуирано)
- Воведување на државна квота за II и III циклус на студии, со што за магистерските и докторски студии ќе биде обезбедена и државна квота за студенти од социјално-ранлива категорија (октомври 2014)
- Проект „Стипендии за студирање во странство“ со кој за сите студенти кои ќе се запишат на прв, втор или трет циклус на студии на првите 100 универзитети во светот ќе се обезбедат стипендии за студирање и престој (2014–2018)
- Прогласување на научни центри на извонредност, со што ќе се обезбеди значаен стимул за ориентирани истражувања, вмрежување и соработка со водечки европски и светски истражувачки центри, како и стимулирање и иницирање на заеднички меѓународни истражувања насочени кон специфични теми (2014–2018)
- Проект „Комерцијализација на лабораториите за потребите на бизнис-секторот“ кој има за цел користење на новите лаборатории во високообразовните институции и јавни научни установи за потребите на бизнис секторот, кој досега овие услуги ги обезбедуваше во странство. Дополнително, ќе се разгледа потребата за набавка на нова современа опрема и лаборатории, вклучително и можноста за доопремување на Лабораторијата по генетика на Ветеринарен факултет – УКЛО во Битола, опремување на Лабораторија за квалитетна анализа на млекото на Државен универзитет – Тетовои др. (2015–2016)
- Ќе продолжиме со имплементација на проектот „Научни субвенции“ со кој на сите научни работници кои ќе објават научни трудови во списание со импакт-фактор ќе им се даде еднократен надоместок (2014–2018)
- Спроведување на проектот „Творечки субвенции“ со кој ќе се поддржат творечките активности од областите на музиката, драматургијата, сликарството, вајарството, глумата, филмот, режијата и лингвистиката (2014–2018)
- Промовирање и поттикнување на иновациската дејност од страна на Фондот за иновации и технолошки развој, преку 4 видови на финансиски инструменти (2014–2018)
- Програми за поддршка на компании кои имаат идеи за развој на иновативни производи преку нивно упатување во бизнис акцелератор во САД (2015–2018)

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствениот систем континуирано се реформира во насока на подобрување, унапредување и одржување на здравјето на населението. Владата ќе продолжи и понатаму да работи на создавање на здравствен систем во кој сите граѓани ќе бидат рамноправни во нивните права и одговорности. Финансирањето на системот за здравствена заштита и натаму ќе се заснова на здравственото осигурување и на начелата на заемност, солидарност и правичност, во насока на зачувување на неговата одржливост.

Во периодот 2014–2018 година ќе бидат реализирани следните проекти, мерки и реформи:

- Изградба на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје каде ќе бидат сместени најмалку 25 клиники и неколку институти, и тоа: Клиника за пулмологија споена со Институт за туберкулоза и Клиника за белодробни заболувања, Клиника за нефрологија, Клиника за дерматологија, Клиника за кардиологија, Клиника за неврологија, Клиника за гастроентерохепатологија, Клиника за ревматологија, Клиника за токсикологија, Клиника за хематологија, Клиника за ендокринологија, Очна клиника, Клиника за уво, нос и грло, Клиника за радиологија, Клиничка биохемија, Институт за трансфузиологија, Институт за патологија и хистопатологија, Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина, Институт за микробиологија и паразитологија, Институт за слух, говор и глас, Итни случаи (терцијарно ниво), Клиничка аптека, Клиника за психијатрија, Клиника за трауматологија, Клиника за ортопедија, Клиника за неврохирургија (2014–2018)
- Изградба на нова Клиничка болница во Штип со капацитет од 354 легла, во која ќе бидат сместени одделенија за: хируршки болести, уролошки болести, ортопедија и трауматологија, акушерство, очни болести, оториноларингологија, внатрешни болести, градни болести и ТБЦ, невролошки болести, психијатриски болести, максилофацијална хирургија, детски болести, неврохирургија, онкологија (со аплицирање на цитостатска и зрачна терапија), кожно-венерични болести (2014–2018)
- Опремување на Клиничката болница во Тетово со медицинска и друга опрема (2014-2015)
- Реконструкција на Клиничката болница во Тетово или други решенија за обезбедување на просторни услови за одделенија за онкологија, дерматовенерологија и инфективно одделение и нивно опремување, вклучително и одделот за храна (2015-2018)
- Изградба на Општата болница во Кичево која ќе ги содржи следните содржини: дијагностички центар со третман, стационар за болните лица, гинекологија и акушерство, хирургија, интерна медицина и амбулантски дел (2014–2016)
- Реконструкција на Здравствениот дом во Крива Паланка во кој ќе се сместат ургентен центар, амбуланти, лабораторија и други помошни простории (2014)
- Оспособување на нов простор за потребите на Универзитетска клиника за државна кардиохирургија (2014)
- Целосна реконструкција на Специјална болница Св. Еразмо во Охрид која ќе се одвива во две фази: реновирање на централната – старабoлничка зграда на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија (2015–2017) и доградба на централната стара болничка зграда (2017–2019)
- Реконструкција на Градска општа болница „8 Септември“. Во првата фаза е

предвидена изградба на бункер за акцелератор, додека во втората фаза се предвидени реконструктивни зафати (2018)

- Реконструкција на Општата болница во Струмица (втор квартал од 2017–2019)
- Реконструкција на кровот на Општата болница во Струга (2016)
- Реконструкција на Специјалната болница за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ (четврти квартал на 2017–2019)
- Реконструкција на психијатриската болница во Демир Хисар (четврти квартал на 2017–2019)
- Отворање на регионални нефролошки пунктови во 5 региони во Македонија за рано откривање на нефролошките заболувања и лекување на евентуалните компликации од дијализа (2016)
- Основање на Центар за спинална хирургија каде ќе се изведуваат низа хируршки зафати и интервенции со различно ниво на сложеност (2014–2015)
- Отворање на регионални центри за мозочен удар во клиничките болници во Битола, Тетово и Штип. (четврт квартал на 2017)
- Формирање на Центар за рани во Геронтолошки завод „13 Ноември“, со што значително ќе се растоварат хируршките и интернистичките оддели (2017–2018)
- Формирање на Центар за Хронична опструктивна болест во рамки на Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на хронични неспецифични, респираторни и алергиски заболувања во Отешево (четврт квартал на 2017)
- Изградба на Центар за лица заболени од Алцхајмер во Штип за обезбедување медицинска грижа и рехабилитациона поддршка на пациентите (2018)
- Центар за аутизам во рамки на Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост” при Здравствен дом Скопје (2017)
- Трансформација на Здравствен центар Липково во здравствен дом (2014)
- Поликлиника Сарај (2017)
- Развој на центри за палијативна грижа во сите поголеми градови во Македонија: Штип, Тетово, Гостивар, Куманово, Прилеп, Струмица, Охрид, каде во постојните болнички капацитети ќе бидат одредени од 5 до 10 кревети за палијативна грижа (2017–2018)
- Регионални дневни центри за лекување на депресија во рамките на центрите за јавно здравје и здравствените домови (четврт квартал на 2016)
- Поврзување на платите на директорите со критериуми и индикатори, со што ќе се зголеми одговорноста во нивното работење и подобри финансиското работење на установите (2016)
- Вреднување на знаењето на дел од здравствените работници кои биле вработени со средно стручно образование, а во меѓувреме завршиле високо образование, преку систематизација на работните места (јули 2016)
- Стимулирање на крводарителски акции во јавната администрација (2015)
- Трансплантација на матични клетки од несроден дарител преку зајакнување на постојниот национален регистар за донори на матични клетки, набавка на нова опрема и едукација на кадар во центарот за харвестрација на матични клетки при Институтот за трансфузиона медицина и центарот за трансплантација на матични клетки кој се наоѓа во Универзитетската клиника за хематологија (2017–2018)
- Проширување на програмата за трансплантација преку обезбедување бесплатни

испитувања за сите потенцијални донори на органи и коскена срцевина со цел да се утврди дали се исполнети сите потребни услови за донирање на орган (јануари 2015)

- Зголемување на правата на донорите на органи и коскена срцевина преку измени на законската регулатива и изедначување со правата на крводарителите (2014)
- Подобар живот за дијабетичарите преку обезбедување на инсулинска пумпа, проширување на програмата за 2015 година, зголемување на бројот на ленти за сите дијабетичари итн. (2017–2018)
- Плаќање по учинок за континуирана надградба и усовршување на системот за пресметка на плата базиран на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време
- Проект за еднаков квалитет на здравствената услуга за секој граѓанин во Македонија преку контроли на Фондот за здравство за тоа дали се почитуваат клиничките упатства за лекување во болниците во Македонија (2016)
- Воведување на нова метода за фетална ехокардиографија (2016)
- Подигнување на нивото на хоспитална култура, воведување на индикатори за квалитет и промовирање на здравствени установи насочени кон пациентите (2014–2018)
- Обуки на доктори и друг здравствен персонал со коишто ќе бидат опфатени 500 лица, кои по спроведената обука ќе треба да воведат нова метода, интервенција или вештина
- Специјализации во странство од повеќе области за 70 специјализанти во Германија, Хрватска, Словенија, Србија и Бугарија кои се во редовен работен однос во јавните здравствени установи од областа на: кардиохирургија, торакална хирургија, дигестивна хирургија, васкуларна хирургија, неврохирургија, анестезиологија, гинекологија и акушерство, гастроентерохепатологија, офталмологија, оториноларингологија, ортопедија, трауматологија, неврологија, радиологија, урологија, дигестивна хирургија, педијатрија и неонаталогија
- Воведување на 100 нови методи-интервенции со цел искористување на опремата и обезбедување на дополнителни поквалитетни услуги (од септември 2014)
- Ќе се формира Управа за електронска евиденција во здравството – МојТермин, која ќе биде задолжена за усовршување и одржување на постојниот систем за закажување на здравствени прегледи, при што ќе биде опфатена надградба и интеграција на информатичките системи, собирање и анализа на податоци и едукација на здравствените работници (јануари 2015)
- Воведување на е-Потврда за ортопедско помагало којашто ќе овозможи заверката на помагалата да ја вршат матичните и лекарите-специјалисти (септември 2014)
- Со цел скратување на потребните документи, полесна и побрза постапка за осигурениците, преку електронско поврзување и размена ќе се овозможи електронски да се поднесуваат следниве барања:
    - барање за надоместок за боледување по типови и дијагнози
    - барање за добивање решение за ослободување од партиципација
    - барање за рефундација на средства за лекови на рецепт
    - барање за рефундација на средства за болничко лекување
    - барање за рефундација на средства за патни трошоци
    - барање за рефундација на средства за повеќе наплатена партиципација

- барање за добивање на решение за медицинска рехабилитација (крај 2014)

- Автоматско спроведување на пријава и одјава во здравствено осигурување за лицата во работен однос и членовите осигурени преку нив (септември 2014)
- Укинување на хартиен рецепт и упат и воведување на електронски рецепт и упат преку користење на електронските здравствени картички (трет квартал на 2015)
- Со целосното имплементирање на информатичките системи во здравството ќе се исфрлат од употреба здравствените книшки (2015)
- Замена на хартиените со електронски потврди за крводарители и донори на орган за ослободување од плаќање на здравствена партиципација (2015)
- Воведување на целокупно електронско работење во ФЗОМ преку имплементација на DMS (Data Management System) во Фондот (крај на 2017)
- Електронска достава на потврди за редовни студенти преку воведување на сервис со кој податоците за редовните студенти кои запишале семестар ќе бидат доставени од факултетите по електронски пат до Фондот за сите студенти од тој факултет наместо секој студент посебно да доставува потврда за себе (октомври 2014)
- Окрупнување на здравствените капацитети за поголема ефикасност и подобра услуга преку спојување на болниците, здравствените домови и центрите за јавно здравје во градовите низ државата и оние што се наоѓаат во близина (2016–2018)
- Воведување на нови протоколи за ургентна тријажа, интензивна нега, третман на заболени со хемофилија и профилакса кај хемофилија (2015)
- Формирање на регистар на пациенти со ретки болести (2016)
- Храна за лица со ретки болести на товар на ФЗОМ преку проширување на постојната листа на ортопедски помагала со нутритивни продукти потребни за дел од лицата со ретки болести (јуни 2014)
- Рационално користење на лекови и намалување на непотребно користење на антибиотици преку зголемување на информираноста на осигурениците за правилното користење на антибиотици и контрола на лекарите при издавање на истите (континуирано)
- Приближување на ФЗОМ до граѓаните преку отворање на канцеларии во сите општини на град Скопје, Богданци, Демир Капија, Кривогаштани и во Дојран за време на туристичката сезона (декември 2015)
- Вработените на ФЗОМ ќе се грижат за хроничните болни преку следење на нивната болест и потсетување на овие лица за сите потребни прегледи кои треба да ги изврши во текот на годината на примарно и секундарно ниво (2016)
- Слободни здравствени зони со цел обезбедување на поволни услови за привлекување на странски инвестиции во областа на здравството и привлекување најсовремена здравствена технологија, како и поттикнување на здравствениот туризам (отворање на прва слободна здравствена зона во 2017)
- Следење на вакцинацијата во реално време преку воведување на регистри за задолжителна вакцинација на децата (2015–2016)
- Воведување на поливалентни вакцини препорачани од Светската здравствена организација (2014)
- Телефонска линија за медицински совети која ќе пружа советодавни услуги и упатства за сите граѓани на Македонија (2015)
- Побрза исплата на породилните надоместоци и боледувањата преку фирмите во

исто време со исплатата на платите, при што ФЗОМ ќе врши надомест на работодавачите (јуни 2015)

- Поедноставување на постапката за пререгистрација за добивање здравствено осигурување на лицата со ниски примања, кои истата ќе може да ја вршат без да поднесуваат изјава за остварени приходи. Овие податоци ФЗОМ ќе ги обезбедува од УЈП (декември 2014)
- Подобрување на квалитетот на дијализата преку зајакнување на контролите на квалитет и воведување на електронско следење на дијализните центри за извршување на дијализата за осигурениците и концесионерите кои ќе вршат дијализа (јануари 2015)
- Олеснување на начинот на живот на пациентите на дијализа преку воведување на трета смена во дијализните центри (јануари 2018)
- Зголемување на финансиските средства од ФЗОМ наменети за трансплантации на бубрег од жив донор и примена на кадаверичната трансплантација со цел намалување на бројот на пациенти кои користат дијализа (континуирано)
- Воведување на дополнителна листа за ортопедски помагала која ќе содржи нестандардни и ретки помагала со можност за доплата над основното помагало (2016–2018)
- Медицинска рехабилитација за мултиплекс склероза, ревматоиден артрит и онколошки заболувања кај деца (2015)
- Преку законски измени нашите иселеници ќе се изедначат со македонските граѓани во системот на здравствено осигурување со усогласување на стапката на придонес (јуни 2014)
- Формирање на специјализиран центар за цистична фиброза со цел спречување на интрахоспитални инфекции (2016)
- Редовно годишно мерење на задоволството на пациентите и креирање на национална ранг-листа на најдобри болници (јули 2014–континуирано)
- Унапредување на улогата на сестрите и акушерките во системот преку регулирање на нивните професии и воведување на академски студии по сестринство и акушерство (октомври 2015)
- Отворање Банка за донирано мајчино млеко при Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (јануари–март 2015)
- Национална кампања за органодарителство за подигање на јавната свест кај населението (2014–континуирано)
- Отворање на ПЕТ-Центар во Македонија како современ здравствен објект во кој ќе биде вградена најсовремена опрема за радиофармација, радиопротекција и дијагностика, лоциран во кругот на Градската општа Болница „8-ми Септември“, Скопје (август 2015)
- Нови лекови на рецепт достапни за пациентите – проширувањето на листата ќе се однесува на третирање на индикации за кои во светот постои нова посовремена терапија како и за индикации за кои до сега воопшто не биле вклучени лекови на товар на ФЗОМ (2015–2018)

## КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Владата на Република Македонија ќе продолжи да ја негува и развива македонската култура и уметност и во периодот 2014–2018. Во насока на поттикнување на домашното творештво, во иднина продолжува реализацијата на низа стимулативни мерки со кои ќе се унапреди статусот на авторот, а истовремено ќе се зголеми и продукцијата на квалитетни дела преку поддршката на проекти од национален интерес во сите дејности од областа на културата.

Министерството за култура ќе продолжи со реализација на проекти и капитални инвестиции во областа на културата, како што се:

- Изградба на концертна сала за Македонската филхармонија, со што ќе се обезбеди репрезентативен и акустичен простор според најсовремени светски стандарди (2016)
- Изградба на културно-образовен центар во Тетово со нов театар и библиотека (2014–март 2018)
- Изградба на театар во Велес, со што ќе се добие современа театарска зграда опремена според сите светски стандарди (прва половина на 2014)
- Изградба на Турски театар, со што ќе се добијат современи услови за работа на оваа национална установа, која долги години просторот го делеше со Албанскиот театар (2018)
- Реконструкција на Албанскиот театар, со што ќе се добие објект со две театарски сали со високи сценски технологии и современа аудиовизуелна опрема (крај на 2016)
- Доршување на проектот „Скендербег“ (2015-2018)
- Изградба на Конгресен центар со универзална сала и со три помали сали, проект со кој ќе се добие нов, мултифункционален репрезентативен центар (2018)
- Изградба на „Стариот театар“ во Струмица (2017)
- Музеј на прогонетите од егејскиот дел на Македонија (2014)
- Изградба или адаптација на филмско студио, како и набавка на филмска опрема со цел формирање на филмски центар со сопствена филмска техничка база (2018)
- Реконструкција на киносалата во Делчево (2014)
- Набавка на сценска, светлосна и аудио опрема за театрите во Република Македонија (континуирано до 2017)
- Набавка на опрема за спроведување на процесот на дигитализација во НУБ „Св. Климент Охридски“ (2016)
- Ставање во функција на киносалите при центрите за култура, што ќе придонесе за поголем квалитет на прикажувањето на филмовите и за зголемена посетеност на киносалите (2017)
- Реконструкција на источниот конак на манастирскиот комплекс „Св. Архангел Михаил“ во Варош, Прилеп (2015–2016)
- Во рамки на НУ Музеј на албанската азбука во Битола ќе се изгради Спомен-соба на Комисијата за азбуката во која ќе бидат претставени членовите на азбучната комисија од 1908 година (восочни фигури). Исто така, ќе се инсталира систем за заштита на објектот и ќе се решат имотно правните односи (2015-2017)

- Набавка на сценска светлосна опрема за НУ ЦК „АСНОМ“ Гостивар (2016)
- Реализација на проектот „Ѕвезди на светската книжевност” преку кој на македонските читатели на едно место ќе им бидат достапни сите дела што ја одбележаа врвната светска книжевна историја (2017)
- Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видео материјали и разговори со Македонците протерани од Егејска Македонија во 20 век (2015)
- Превод на македонски јазик на дела од албанската и од турската книжевност во Македонија застапени во проектот „135 тома македонска книжевност“ (втора половина на 2014)
- Превод на дела со историска содржина на македонски јазик, со којшто ќе се продолжи со преводот на 80 дела кои обработуваат одредени историски настани и процеси поврзани со македонското национално револуционерно движење (2014)
- Превод на 135 тома македонска книжевност на шест странски јазици: француски, шпански, руски, германски, арапски и кинески јазик (2018)
- Реализација на проектот „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“ со цел збогатување на терминолошкиот речник и лексикографијата на македонскиот јазик (2017)
- Обнова и конзервација на повеќе фасади во Скопје, Битола, Крушево, Кратово, Кичево, Прилеп, Штип, Охрид и во други значајни градски јадра (континуирано)
- Преземање на стимулативни мерки:
    - континуиран откуп на ликовни дела (континуирано)
    - континуиран откуп на скулптури од галериски формат (континуирано)
    - континуиран откуп на музички дела за различни формации (континуирано)
    - поддршка за создавање 150 композиции од областа на забавната и народната музика и 50 детски композиции (2018)
    - финансирање преводи на странски издавачи на репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици (континуирано)
    - континуиран откуп на драмски текстови (континуирано)
- Обезбедување до 50% попуст за организирани посети на балетски, театарски и музички настани, со што културните содржини на институциите од областа на културата ќе станат достапни до пошироката популација (2015–континуирано)
- Реализирање на проекти за поддршка на културни манифестации и настани во Старата скопска чаршија (континуирано)
- Изведба на покривна конструкција на сцената Долни сарај и Античкиот театар во Охрид (2014–2015)
- Обнова на Хавзи-пашините конаци во село Бардовци (2017)
- Дигитализација на аудиовизуелното културно наследство (континуирано)
- Конзервација и реставрација на верски објекти (2014-2018)
- Реконструкција на национални установи и центри на културата (2014-2018)
- Реализирање на проектот „Стар амам” во Тетово, кој ќе овозможи заштитата на ова вредно културно наследство од османлискиот период (2015)
- Изградба на Спомен-куќа на Мехмет Паша Дерала во Тетово (2016-2017)
- Реконструкција на Амамот на Јаја Паша и претворање во Галерија на Омер Калеши и Адем Кастрати (2017-2018)

- Надградба и реконструкција на објектот кој го користат установите НУБ „Григор Прличев", НУ Центар за култура „Григор Прличев" и НУ Охридско лето, сите од Охрид, по пат на јавно-приватно партнерство и изградба на нов театар (од прва половина на 2017)
- Изведување на пристапни рампи, лифтови и платформи за лица со посебни потреби во објектите на националните установи од областа на културата (2018)
- Внатрешна реконструкција на НУ Македонска опера и балет во Скопје (2014–2015)
- Реконструкција на споменикот „Македониум" во Крушево (2018)
- Реализирање на проектот „Антологија на светската поезија преведена на македонски јазик во неколку тома" преку кој на македонската читателска јавност ќе и станат достапни највредните светски поетски дела (2017)
- Превод на најзначајните дела од светската архитектура, сликарство, скулптура, внатрешен дизајн и орнаментика преведени на македонски јазик (2018)
- Превод на македонски јазик на биографии и автобиографии, мемоари и монографии на светски познати личности од областа на: економијата, бизнисот, политиката, инженерството, уметноста, медицината, науката, спортот, како и на личности од светската историја и филозофија (2018)
- Превод на 20 книги за најголемите историски премрежија и предизвици (2018)
- Превод на најзначајни светски дела од областа на спортот, здравото живеење, здравиот живот и исхраната (2018)
- Развивање навики за согледување на културата кај децата кои ќе имаат едукативна функција и ќе влијаат позитивно врз младата публика за учество во културните настани (континуирано)
- Одржување на културните манифестации „Културно лето" и „Културна зима" (континуирано)
- Локален културен развој преку активности за интензивирање на подвижноста на установите и достапноста на културните содржини од поголеми урбани средини, пред сè, од главниот град во помалите центри, особено во руралните населени места (континуирано)
- Збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби (континуирано)
- Востановување постојани поставки во националните музеи (2017)
- Осовременување на депоата на музеите во Македонија (2017)
- Основање Центар за книга како посебна установа или како организациска единица во рамките на Министерството за култура (2015)
- Непосредна заштита на административната зграда на Заводот и музеј во Прилеп (2016)
- Обнова на опожарените конаци и изработка и реализација на проектите за црквата, трпезаријата, магерничкиот конак и магерницата на манастирот Трескавецблизу Прилеп (2018)
- Отворање на галерија на икони во црквата Успение на Пресвета Богородица во Ново Село, Штипско (2016)
- Санација и реставрација на ентериерот во Златкова кула во Кратово (2015)
- Обнова на фасади во Старата скопска чаршија (континуирано)
- Откуп на куќи кои се значајни споменици на културата, како и нивно ставање во функција на музеи (континуирано)

- Обезбедување на мултимедијални простори за дејствување на независниот културен сектор и презентација на современи културни и уметнички програми (2017)
- Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (2014)
- Донесување на Закон за издавачката дејност (2014)
- Донесување на Закон за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење (2014)
- Донесување на Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење (2014)
- Донесување законска регулатива за стручна процена на оригиналноста, естетската и културната вредност на уметничките и на другите предмети (2014)
- Изменување и дополнување на Законот за музеите (2015)
- Изменување и дополнување на Законот за библиотеките (2015)

Преку Управата за заштита на културното наследство ќе се реализираат следните проекти:

- Изградба на Светиклиментовиот универзитет во чијшто склоп се предвидува изградба на манастирски конаци, теолошки факултет, музеј на Плаошник, галерија на икони, Светиклиментова библиотека, Македонски институт за хуманистички науки, канцеларија на МАНУ за хуманистички науки, канцеларија на Меѓународниот семинар за македонски јазик, канцеларија на Меѓународната школа за апликативна конзервација, конференциски центар, како и клонови на светски универзитетски центри (2018)
- Реконструкција на манастирскиот комплекс „Свето Преображение“ во с. Зрзе (2015 – 2016)
- Истражување, заштита, конзервација, реставрација, реконструкција и презентација на Античкиот театар во Скупи (2017)
- Печатење на публикации за културното и природно наследство наменети за туристичка промоција на Република Македонија (2016)
- Културно наследство на Република Македонија – археолошко-туристички проекти преку кои ќе се вршат археолошки истражувања, конзервација, реставрација, реконструкција и презентација на археолошките локалитети,старите градови и тврдини во Македонија(2014-2018)

**Меѓународна соработка**

Владата на Република Македонија ќе продолжи со подготовка на содржини за презентација и афирмација на македонската култура надвор од границите на државата, презентација на македонското книжевно творештво на светските саеми, учество на светски познатите културни настани, промоција на македонското културно наследство и актуелно творештво во градовите-престолнини на културата, како и унапредување и продлабочување на односите со меѓународните организации.

Во таа насока ќе бидат реализирани следниве проекти и активности:

- Реализирање на проектот „Кокино – македонски бренд“ во чиишто рамки на 21 јуни секоја година ќе се организира меѓународен фестивал во Кокино со цел одбележување на почетокот на летото и летната долгоденица (2018)

- Отворање на регионален центар за млади музичари од Југоисточна Европа кој ќе биде лоциран во Меморијалниот музеј „Тоше Проески“ (2015–2016)
- Создавање на виртуелен театарски музеј во МНТ и негова промоција во координативен центар за дигитализација во регионот и во Европа (2018)
- Презентирање на македонското културно наследство во светот со употреба на современа технологија (2018)
- Отворање на нови културно-информативни центри во земјите со најбројно македонско иселеништво и земјите кои се во фокусот на надворешната политика на Македонија (континуирано)

## МЛАДИ, СПОРТ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

Владата на Република Македонија ќе продолжи со реализирање на проекти во функција на подобрување на иднината на младите. Со реализација на проектите од областа на спортот и спортската инфраструктура ќе се придонесе за подобрување на условите за спортување, натпреварување и рекреирање на сите граѓани, ќе се подобри квалитетот на спортската инфраструктура во Република Македонија и ќе се создадат современи спортски капацитети за побрз развој на спортот. Владата ќе ги поддржи професионалните спортисти, ќе помогне за унапредување на професионалниот спорт и зголемување на неговата масовност.

**Спортска инфраструктура**

Во насока на подобрување на спортската инфраструктура ќе бидат реализирани следниве проекти:

- Во рамките на проектот „Спортски сали“ ќе бидат изградени нови и реконструирани повеќе постојни спортски сали, вклучително:
  - Изградба на голема спортска сала во Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (2015–2016)
  - Изградба на спортска сала во Државен универзитет – Тетово (2014–2015)
  - Изградба на спортска сала во населбата Ченто во општина Гази Баба (2015–2018)
  - Изградба на спортска сала во Државното средно училиште за физичка култура „Методи Митевски-Брицо” во општина Центар (2015–2018)
  - Изградба на спортска сала во домот за деца без родители „11 Октомври” во општина Центар (2016 – 2018)
  - Изградба на спортска сала во основното училиште „Кочо Рацин” во општина Центар (2018)
  - Довршување на спортска сала во општинаЧаир (јули 2014)
  - Изградба на мала спортска сала во Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (2018)
  - Изградба на спортска сала во општина Шуто Оризари (2016–2018)
  - Изградба на спортска сала во општина Охрид (2016–2018)
  - Реконструкција на спортски сали
- Изградба и опремување на фудбалски игралишта со вештачка трева во чиишто рамки со вештачка трева ќе бидат опремени фудбалските игралишта во: Штип,

Битола, Струмица, Прилеп, Охрид, Кратово, Велес и Тетово (2014). Притоа, Агенцијата за млади и спорт ќе ги преземе и следниве активности:
  - Изградба и опремување на фудбалски игралишта со вештачка трева во Струга, Берово и Крушево (2016–2018)
  - Санација и адаптација на фудбалски игралишта во: Демир Хисар, Бутел во село Љубанци и Струга во село Мороишта (2014–2017)
- Модернизација на четири фудбалски стадиони во 4 општини во државата којашто ќе опфати опремување на стадионите со соодветно осветлување – рефлектори со што ќе се исполнат меѓународните стандарди за одигрување на ноќни натпревари во фудбал (2015–2016)
- Ќе се реализира проектот „120 тениски терени“ во сите општини (2014–2018)
- Ќе се реализира проектот „100 повеќенаменски маалски игралишта“ во сите општини (2014–2018)
- Изградба на пливачки базени во чиишто рамки ќе бидат изградени нови затворени пливачки базени (2018)
- Изградба на еден спортски полигон во Општина Ѓорче Петров, кој ќе опфаќа три единечни игралишта, од кои две асфалтирани и едно земјено (2014–2015)
- Санација и адаптација на игралишта во општина Струга (2014–2017)
- Изградба и реконструкција на јужна трибина на отвореното игралиште за ракомет во Струга (2014–2015)
- Изградба на повеќенаменско игралиште за ракомет, одбојка и фудбал на песок во општините Охрид и Струга (2014–2015)
- Изградба на нови скејт-паркови во Битола и Охрид во соработка со локалните самоуправи (2018)

**Проекти за спорт**

Владата на Република Македонија ќе продолжи со поддршка и унапредување на спортот преку реализација на следните активности и проекти:

- „Национално спортско признание – спортски пензии“ (континуирано)
- „500 стипендии за млади и талентирани спортисти“ (континуирано)
- Летен училишен камп со познати спортисти и спортски тренери (2014–2018)
- Училишни првенства во голем фудбал (2014–2018)
- „Државна награда 8 Септември“ со којаќе се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот (континуирано)
- Проект „Спортски амбасадори“ со кој најистакнатите и најуспешните македонски спортисти ќе бидат именувани за македонски спортски амбасадори како значајни личности кои придонесуваат за промоција и меѓународна афирмација на Република Македонија (2014)
- Стручна специјализација на македонски тренери во реномирани светски спортски центри (континуирано)
- Кампања за елиминација на допингот во спортот во чиишто рамки низ семинари, работилници и различни облици на собири ќе се вршат предавања за важноста од негувањето на спортската етика и фер-плејот (2014)

- Проект „Борба против допингот во спортот – чист спорт“ преку којшто ќе се врши унапредување на мерките кои треба да се преземат во борбата против допингот во спортот на национално ниво преку спроведување 50 допинг контроли врз македонски спортисти на годишно ниво (2015–2018)
- Континуирано усовршување на наставниците по физичко воспитување (2014–2018)
- „Спортско лето – спорт за сите“ во туристичките центри (Охрид, Струга, Дојран) со цел популаризација на повеќе спортови преку организирање на спортски настани во соработка со националните спортски федерации (2014–2018)
- Информатички спортски систем со којшто се предвидува создавање на база на податоци за сите регистрирани спортски клубови, членки на постоечките национални спортски федерации (2014–2018)

**Проекти за млади**

Владата на Република Македонија во периодот 2014–2018 ќе продолжи посветено да работи за подобрување на животот на младите преку реализација на следните проекти:

- Бесплатен превоз со железница за време наеден викенд (петок, сабота, недела) во месецот, при што младите лица до 27 години ќе имаат право на бесплатен повратен билет (2015)
- На младите ќе им се одобри 50% попуст на билетите за користење на услугите во железничкиот превоз на повеќе релации во земјата (2015–континуирано)
- Проект „Слободен четврток“ кој има за цел на студентите да им овозможи бесплатен превоз во градските автобуси, жичарницата на Водно и железничкиот сообраќај во Република Македонија, како и ден кога студентите бесплатно ќе можат да ги посетат театрите, музеите и кината во Скопје и во државата (2014)
- Обезбедување на 50% попуст за младите луѓе до 29 години за влезници за театар, музеј, опера, балет и филхармонија (2014)
- Проект „Најдобар млад програмер“ во чиишто рамки ќе биде организиран натпревар за програмирање за ученици во последната година од средното образование и на најдобрите млади програмери ќе им се доделат награди во форма на соодветна техничка опрема која ќе им помогне во нивната професионална надградба (2014–2015)
- Проект „Млади уметници“ кој ќе придонесе за поголем развој и унапредување на младите уметници и ќе овозможи откуп на нивните дела (2015)
- Проект „Млади музичари“ кој ќе им овозможи на младите музичари да имаат можност да испратат демо-снимка од соодветна музичка композиција (2016)
- Проект „Совети на младите во општините“ со којшто ќе се направи значаен чекор за зголемување на улогата и учеството на младите во процесите на донесување на одлуки на локално ниво (2014–2018)
- Проект „Урбан ѕид“ во повеќе градови во земјата со којшто ќе се обезбеди соодветен простор за младите да ја изразат својата креативност (2014–2018)
- Проект „Стоп за пороците кај младата популација“ чија цел е подигнување на свеста и едукација на учениците за заштита и превенција од пороците (2014–2018)
- Проект „Чиста околина“ во рамки на кој ќе се организираат акции за чистење остатоци од комунален отпад, депонирани на несоодветни локации (континуирано)

- Креирање на Национална стратегија за млади 2016–2025 којашто ќе придонесе за фокусирано и сеопфатно делување на вклучените страни во младинската сфера и решавање на младинските проблеми (2016)
- Спроведување на национална кампања против говорот на омраза (2014–2015)

## ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Политиките на Владата на Република Македонија и во следниот период ќе бидат насочени кон рамномерен регионален развој и унапредување на сите региони во земјата. Ќе продолжи да се спроведува Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија во осумте плански региони (Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски). Советот за рамномерен регионален развој ќе продолжи да има значајна улога како промотор на партнерство помеѓу регионите/општините и Владата, и во рамки на којшто ќе се координира искористувањето на средствата од сите секторски програми наменети за планските региони и општините. Ќе продолжи поддршката на единиците на локалната самоуправа кон поттикнување на локалниот развој и создавање на услови за поактивна, поефективна и поиновативна улога на локалните власти во остварувањето на националните цели за раст и развој.

За обезбедување на рамномерен регионален развој ќе се реализираат следните проекти:

- Проект „Подобрување на општинските услуги“ во соработка со Светска банка со кој се обезбедуваат поволни заеми за сите општини во Македонија наменети за финансирање на инфраструктурни инвестициски зафати во согласност со општинските приоритети. Средствата ќе може да се користат за: изградба и реконструкција на комунална инфраструктура и водоснабдителни системи, енергетска ефикасност на јавни општински објекти, набавка на специјализирани возила за комунална хигиена, улично осветлување, локална патна инфраструктура, уредување на урбани површини и сл. (2014–2017)
- **Продолжување со фискалната децентрализација** согласно воспоставената законска и институционална рамка и продолжување со активностите за јакнење на капацитетите на општините за прибирање на сопствените приходи, особено на приходите од даноци на недвижен имот. Во таа насока, општините кои ќе наплатат најмалку 80% од предвидените приходи од данокот на недвижен имот ќе добијат: зголемување на трансферите од ЈП Државни патишта и на блок дотациите согласно можностите на Буџетот, а руралните општини ќе имаат можност да добијат надоместок од концесија на земјоделско земјиште (со следната динамика: 10% во 2015, 20% во 2016, 30% во 2017 и 50% во 2018).

- **Условено зголемување на дел од ДДВ што ќе оди за општините**

| **Износите се во проценти** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|
| 1. Дел од ДДВ што оди за општините неусловено | 4,50 | 4,50 | 4,50 |
| 2. Зголемување на дел од ДДВ што ќе оди за општините условеноcо [3] | 0,25 | 0,75 | 1,50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. Успешност на општините во прибирање локални даноци | 80 | 85 | 90 |
| 4. Дел од ДДВ што оди за општините [1+2=4] | 4,75 | 5,25 | 6,00 |

- Ќе продолжи пренесувањето на надлежностите за управување со градежното земјиште и третман на бесправно изградени објекти за кој се утврдени и соодветни извори на приходи на буџетот на општините (2014–2018).
- Реализација на Стратегијата за рамномерен регионален развој којашто ќе помогне во создавањето на еднакви можности во сите региони во Македонија, нивно активно интегрирање во економијата и подобрување на нивната инфраструктура
- Во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој ќе продолжи финансирањето на проекти насочени кон зголемување на економскиот развој на планските региони, развивање на компаративните предности и подобрување на условите за живот за што во наредниот период ќе се финансираат околу 200 проекти (2014–2018)
- Проект „Општински обврзници“ со кој ќе им се помогне на општините во Република Македонија да ги издадат првите општински обврзници како дополнителен инструмент за подобрување на ликвидноста и обезбедување на финансиски средства за капитални општински проекти (континуирано)
- Компонента за прекугранична соработка на ИПА преку која на располагање ќе бидат ставени 40 милиони евра од ЕУ наменети за зголемување на конкурентноста и развојот на македонските општини (2014–2020)
- Изработка на регионални стратегии за иновации за зајакнување на соработката помеѓу научно-истражувачкиот и бизнис секторот со фокус на развој на малите и средни претпријатија согласно спецификите и потребите на регионите (2015)
- Избор на најиновативен проект за рамномерен регионален развој (континуирано)
- Развој и поддршка на рурален туризам за заживување на економскиот развој и изнаоѓање на нови начини за развој на руралните општини, како и враќање на населението во македонските села (2015–2016)
- Проект „Виртуелни регионални мрежи за партнерства меѓу единиците на локалната самоуправа, претпријатијата и граѓанските организации“ кој ќе функционира како платформа што ќе ги информира и поврзува различните организации на локално, национално и меѓународно ниво (2014–2015)
- Подготовка на нови програми за развој во планските региони за наредниот петгодишен период, преку интерактивно програмирање во соработка со бизнис заедницата и невладиниот сектор (крај на 2014)
- Проект „Размена на иновативни практики“ кој ќе придонесе за подобрување на капацитетите на општините за привлекување на капитални инвестиции кои би се финансирале од Буџетот, инструментот ИПА и други извори на средства (2014–2015)
- Со цел зајакнување на финансиската стабилност на воспоставените центри за развој на планските региони, ќе се извршат законски измени во делот на нивното функционирање и финансирање, при што ќе се уреди и организационата структура на центрите (2014–2015)

## ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Заштитата и унапредувањето на животната средина претставува императив кој се реализира преку проекти, мерки и активности на субјекти од јавниот и приватниот сектор, на државно и на локално ниво, истовремено почитувајќи ги променливите рамки на еколошките, економските и социјалните фактори на национално и меѓународно ниво. Потребата за заштита на животната средина се заснова на принципите на одржливиот развој, паралелно со растечките потреби на населението за поквалитетни услови за живеење, чиста вода за пиење и здрава храна.

Мерките и активностите кои ќе се реализираат во следниот период ќе придонесат за унапредување и подобрување на квалитетот на животната средина и природата, намалување на загадувањето кое претставува закана по човековото здравје и планирање на просторот и одржливиот развој на Република Македонија.

Во периодот 2014–2018 ќе се реализираат проекти и активности во следниве области од животната средина:

- Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Волково–општина Ѓорче Петров (почеток на 2016)
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Гевгелија (март 2017)
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Кочани (2015–2018)
- Проект„Дојранско езеро“ –проектирање и изградба на систем за зафаќање и транспорт на вода од бунарското подрачје Долна Ада, Паљурци за полнење на Дојранското Езеро, а вишокот на вода ќе се користи за наводнување на земјоделските површини од населените места во општина Богданци (2015–2018)
- Санација и реконструкција на постојните станици за пречистување на отпадни води во Македонија (2015–2018)
- Одржување и поправка на постојниот систем за полнење на ДојранскотоЕзеро - Ѓавато (2015–2018)
- Реконструкција и проширување на канализационата мрежа во Прилеп ЕУ-ИПА (2014–2018)
- Изградба на станица за пречистување на отпадни води во Прилеп ЕУ-ИПА (2015–2018)
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Кичево ЕУ-ИПА (2016–2018)
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Струмица ЕУ-ИПА (2016–2018)
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Радовиш ЕУ-ИПА (2015–2017)
- Изградба, проширување и рехабилитација на канализациона мрежа во Куманово ЕУ-ИПА (2016 – 2018)
- Изградба, проширување и рехабилитација на канализациона мрежа во Берово ЕУ-ИПА (2017–2018)
- Изградба на пречистителни станици за отпадни води во општина Сарај (2017)
- Доизградба на водоводни системи во Липково, Тетово и Зајас (2014–2018)

- Изградба на филтер-станица на системот за водоснабдување на Гостивар (2014–2017)
- Уредување на канал во Арачиново (2014–2016)
- Изработка на проектна документација за подобрување на инфраструктурата во собирањето и третманот на отпадните води во Струмица, Тетово, Гостивар, Битола, Кавадарци и Дебар ЕУ-ИПА (2014–2016)
- Идентификација на агломерациите за третман на отпадните води и дефинирање на чувствителните подрачја во однос на испуштање на урбани отпадни води ЕУ-ИПА (2015–2017)
- Донесување на планови за управување со речните сливови на реката Брегалница (2014–2017), на реката Струмица (2015–2017), на реката Вардар ЕУ-ИПА (2016) и реката Црн Дрим (2014–2018)
- Изградба на инфраструктурни објекти од областа на управување со отпад и управување со води (2016–2018)
- Изработка на проектна документација за изградба на трансфер-станици и депонии во согласност со ЕУ стандардите во источен и североисточен регион ЕУ-ИПА (2014–2016)
- Изградба на депонии и интегриран систем за управување со отпад во Полошки регион и Југоисточен регион со концептот на јавно-приватно партнерство (2014-2015)
- Изградба на регионални водоводи за општините во соработка со општините и центрите за регионален развој (2015-2018)
- Донесување на национална студија со методологија за тарифирање на услугите во секторот води ЕУ-ИПА (март 2016)
- Изработка на катастар на подземни води (2015–2017)
- Ремедијација на загадено земјиште, јаловишта и намалување на загадувањето на водата преку аплицирање на природен зеолит (2016–2018)
- Изработка на Национална стратегија за заштита на природата која ќе ги одреди целите и насоките за зачувување на природата, начините на нејзино спроведување во согласност со целокупниот стопански, општествен и културен развој на Р. Македонија (март 2017)
- Изработка на Национална стратегија за биолошка разновидност (2014)
- Изработка на софтвер за следење на квалитетот на животната средина на местото на живеење (2016–2018)
- Воспоставување евиденција за заштита на природата преку воведување на катастар на заштитени подрачја и регистар на природно наследство (март 2016)
- Идентификување на подрачја кои ќе бидат предложени да влезат во еколошките заштитени подрачја за ЕУ НАТУРА 2000 мрежата ЕУ-ИПА (2015–2017)
- Прогласување на делови од Осоговските планини за заштитени подрачја (2015–2016)
- Изработка на студија за ревалоризација на природните вредности на споменикот на природата Катлановски предел (декември 2014)
- Промовирање на катлановски рид како природна ЕКО-туристичка дестинација Памук-кале (2015 – 2017)

- Изработка на Водич за заштита на природата со цел подигање на јавната свест, особено во делот наменет за едукација на младите и останатите, за зачувување на природните вредности, со акцент на трите национални паркови во Р. Македонија (2016–2017)
- Проект „Хибридни возила за јавната администрација“ – со проектот се планира, согласно финансиските можности и потреби на институциите, да се набават одреден број на хибридни возила во поголемите институции во Р. Македонија (2015–2018)
- Воспоставување на еко-игротеки во градовите низ Македонија (2016–2017)
- Процес на селектирање, собирање и рециклирање на амбалажен отпад (2015–2017)
- Проект „ЕКО-канцеларија“ кој е во функција на подигање на еколошката свест кај вработените во компаниите и поттикнување на штедењето на материјали за канцелариско работење (2015–континуирано)
- Проект „Берово – ЕКО Град“ кој има за цел да поддржи напредни еколошки технологии (2016–2018)
- Осовременување и одржување на државната мрежа за мониторинг на воздух во Македонија (2014–2018)
- Закон за заштита на почви со кој ќе се воспостави систем за заштита на почвата како медиум на животната средина (2014–2016)
- Закон за зеленило со кој треба да се уреди планирање, проектирање, подигање, уредување, одржување, заштита, користење и финансирање на зеленилото, управувањето со него, како и надзорот врз примената на законот (2015)